Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ

| Примено: | 6.2.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 147 | | |

До Наставно научен совет на

Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје

**Предмет: Достава на Годишен извештај за работа на декан на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје**

Почитувани колеги

Согласно законската обврска на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје што произлегува од член 114 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/2021 и 58/2024), член 243 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетот,, Св.Кирил и Методиј" во Скопје) (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 67 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – (пречистен текст) (Универзитетски гласник бр. 460/2019 и 460/2023-Анекс), до Наставно-научниот совет на Факултетот поднесувам на усвојување Годишен извештај за работа на декан.

Со почит

Проф. Д-р Деан Јанкулоски

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ

| Примено: 6. 2. 2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 147 | | |

# Годишен извештај за работа на Декан на Факултет за ветеринарна медицина – Скопје

Проф. д-р Деан Јанкулоски

Скопје, Февруари 2026

Содржина

*Содржина* 2
1. *Вовед* 4
1.2 *Упис на студенти на додипломски студии во учебната 2025/2026 година* 8
1.3 *Клиничка-теренска практика на студентите* 11
1.4 *Реакредитација на студиска програма интегрираните додипломски студии од прв и* 11
1.5 *Реакредитација на студиска програма втор и трет циклус студии* 11
1.6 *Ментори на докторски студии* 12
1.7 *Наставно-научен кадар (реизбор/избор)* 13
1.8 *Демонстратори и стручни соработници* 13
1.8.1 *Демонстратори* 14
1.8.2 *Стручни соработници* 14
1.9 *Визитинг наставници и стручнаци од практиката* 15
1.10 *Комисја за настава* 16
2. *The European Association of Establishments for Veterinary Education (EAEVE)* 17
3. *Ангажираност на наставници на други единици на УКИМ* 18
4. *Издавачка дејност на ФВМ-С* 19
4.1 *Комисијата за издавачка дејност* 19
4.2 *Публикации* 19
5. *Научно – истражувачка работа* 20
5.1 *Научни конференции* 20
5.2 *Работилници* 20
5.3 *Македонски ветеринарен преглед (Macedonian Veterinary Review)* 21
5.4 *Проекти во реализација и одобрени проекти,* 22
5.5 *Комисијата за наука* 29
5.6 *Меѓународни активности на вработените* 30
5.6.1 *European Board of Veterinary Specialisation (EBVS)* 30
5.6.2 *European Cooperation in Science and Technology (COST)* 31
5.6.3 *Други меѓународни активности* 33
5.6.4 *Членство во меѓународни организации* 35
5.6.5 *European reference laboratories* 35
5.7 *Работилници* 36
5.8 *Меѓународни обуки реализирани на ФВМ-С* 38

6. *Универзитетска ветеринарна болница (УВБ)* 38
7. *Центар за едукација, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина* 39
8. *Промотивни активности на ФВМ-С* 40
9. *Студентска организација и студентски активности* 42
9.1 *Факултетското студентско собрание (ФСС)* 42
9.2 *Работилници, конференции и студентски мобилности* 43
10. *Комисија за самоевалуација и Совет за квалитет* 44
10.1 *Комисија за самоевалуација* 45
11.2 *Совет за квалитет* 45
11. *Кадровска состојба на факултетот* 47
12. *Одбор за соработка и доверба со јавноста* 47
13. *Меѓународна соработка* 47
13.1 *Одбор за меѓународна соработка.* 48
13.2 *Central European Exchange Program for University Studies (CEEPUS)* 49
13.2.1 *Veterinary Network of European Student and Staff Transfer (VETNEST)* 50
13.3 *EU programme for education, training, youth and sport + (ERASMUS +)* 50
14. *Применувачка дејност* 52
14.1 *Национален институт за ветеринарство и храна (НИВХ)* 52
14.2 *Акредитација според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018* 53
15. *Работа на органи на управување на факултетот* 55
15.1 *Наставно-научен совет* 55
15.2 *Деканатска управа* 55
16. *Заклучок* 57

1. Вовед

Законската обврска за годишен извештај на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје произлегува од член 114 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/2021 и 58/2024), член 243 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетот,, Св.Кирил и Методиј" во Скопје) (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 67 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – (пречистен текст) (Универзитетски гласник бр. 460/2019 и 460/2023-Анекс). Извештајот се поднесува до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во извештајот се презентирани активностите и постигнатите резултати во работата на Факултетот, а се однесуваат на наставно-образовната, научно–истражувачката и применувачката дејност. Извештајот го опфаќа периодот од 25.1.2025 до 25.01.2026 година.

Во учебната 2025/2026 година беа распишани конкурсите и завршени процесите за уписи на студенти во прв и втор интегриран циклус на студии. Започна реализација на двогодишен развоен проект со МОН, беше потпишан меморандум за соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, продолжи имплементацијата на проектот за подобрување на генетскиот потенцијал на млечните крави. Успешно беше завршена и ре-акредитацијата на студиската програма од прв и втор циклус студии на англиски јазик, а започна и постапка за ре-акредитација на студиските програми од втор и трет циклус студии. Успешно е спроведена и завршена ре-акредитацијата согласно стандардот ISO/IEC МКС 17025:2018, со проширување на опсегот на акредитацијата. Воедно, научното списание *Македонски ветеринарен преглед* успешно продолжува со својата работа и објавување, задржувајќи фактор на влијание. Голем дел од вработени учествуваа на научни конференции и на стручно оспособување и усовршување во земјата и странство. Исто така, набавена е и опрема за унапредување на наставните активности на факултетот.

За жал и понатаму продолжуваат ограничувањата во однос на вработувања на млад кадар и пополнување на работните места според систематизацијата на факултетот. Најголемите предизвици со кои се соочуваме, се отворање на нови ветеринарни

факултети во земјава, што доведува до нелојална конкуренција и пад на квалитетот во ветеринарното образование, неповолни демографски движења поради миграцијата на младите, што резултира со континуиран пад на уписот на студенти, недоволно национално финансирање за развој и спроведување на образовни и истражувачки активности. Исто така недостасува финансиска автономија, а присутни се и административни пречки кои го отежнуваат развојот на образованието, научноистражувачката дејност и проектно ориентираните активности во рамките на Факултетот. И понатаму останува комплициран процес на запишување странски студенти на интегрираните студии на Ветеринарна медицина на англиски јазик пред се заради сложениот процес на прием и нострификација на документи во Министерството за образование и наука, поради што одложено беше запишувањето на поголем броја студенти кои ги исполнуваа условите за запишување. Останува неможноста да се вработи млад кадар на наставно-научни позиции поради вработување условено со одобрение од релевантни државни органи (Министерство за образование и наука, Министерство за финансии).

Факултетот е со ограничен простор за наставни, истражувачки, апликативни и клинички активности, а постои и недостаток на практична обука за зголемување на практичните часови на настава и пристап до капацитети за студентите да стекнат практични вештини. Сеуште не сме во можност да имплементираме поширока примена на iLearn/Moodle платформата, како и EDUROAM, за постојан пристап до наставните материјали и рационализација на административните процедури за испити. Воведено е продолжено работно време до 18 часот, а останува да се реализира воведување на 24-часовни дежурства во Универзитетската ветеринарна болница за домашни миленици. Но, во иднина, неопходно е пренаменување и адаптација на простор за воспоставување клиника за заразни болести кај домашни миленици и клиника за фармски животни во согласност со барањата на релевантните европски директиви и стандардите на EAEVE.

Со цел да се овозможи зголемен пристап до практичната настава, работа со животни и поголем број клинички случаи, неопходно е унапредување и проширување на просторните и техничките капацитети на ФВМ-СКОПЈЕ. Ова особено се однесува на наставата по анатомија, патологија, клиничка практика кај фармските животни, како и на опремата и просториите за практична настава и објекти за сопствено производство на храна. Дополнително, потребно е зголемување на можностите за практична работа со одредени видови животни, како што се коњите и егзотичните животни, преку нивно посоодветно вклучување во наставната програма. Но и понатаму останува како најголем

проблем недостиг на млад и високо квалификуван наставен кадар по некои предмети и области од ветеринарната медицина.

Најдобри практики и научени лекции од претходната година се Институционални политики за обезбедување квалитет: Формирани се работни групи вклучени во подготовка за изработка на Извештај за самоевалуација за надворешна евалуација од страна на Европската асоцијација на установи за ветеринарно образование (EAEVE) закажан за 2027 година. Успешно е спроведена интегрирана анкета за наставниот, административниот кадар и студентите преку системот iKnow.

Како декан, согласно програмата во следниот период планирам понатамошен развој на наставно-образовната дејност со задржување на висок квалитет во образованието, исполнување на барањата од извештај од прелиминарната посета на EAEVE со цел исполнување на визијата добивање на статус полноправен член, развој на студиската наставна програма на додипломски студии од прв и втор интегриран циклус, зголемување на соработката со стопанските субјекти со цел овозможување на екстрамурална практика на студентите, понатамошен развој на клиниката за мали животни како и обезбедување на услови за формирање на клиника за големи животни, подобрување на условите за работа на вработените, поголема застапеност на пазарот на лабораториски услуги и учество во домашни и меѓународни проекти.

1. Наставно-образовна дејност

1.1 Додипломски студии (интегриран прв и втор циклус) по ветеринарана медицина

Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје изминатиот период стекна релевантни искуства во однос на квалитетот, применливоста и одржливоста на наставно-образовниот процес, кои укажаа на потребата од континуирано ревидирање и унапредување на студиските програми. Активностите превземени од страна на Продеканот за настава, заедно со колегите — членови на Комисијата за настава беа насочени кон примена на болоњскиот ЕКТС систем, целосно имплементирање на iKnow електронскиот систем, споделување на идеи за континуирано осовременување на наставните содржини, како и усогласување на студиските програми со важечките одредби од Законот за високо образование и EAEVE, со цел подобрување на квалитетот на студиите и нивно усогласување со законските прописи и акти, како и препораките на визитаторите наведени во извештајот од прелиминарната визитација на EAEVE.

Во 2025 година, Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1087/8 од 1.09.2025 година го усвои Извештајот за спроведената студентска анкета во зимскиот и летниот

семестар за учебната 2024/2025 година на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со која беше евалуиран и позитивно оценет начинот на спроведување на наставно-образовниот процес (Одлука бр. 0202-239/4 од 1.03.2024 година).

Како и изминатите години, така и оваа, согласно Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019) и Одлуката за правила на студирање на интегрирани студии од прв и втор циклус (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник бр. 554/2023) и усвоениот Универзитетски календар, беше донесен и усвоен Студентскиот календар на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје за учебната 2025/2026 година (Одлука бр. 0202-1087/3 од 1.09. 2025 година.

Со усвојување на Студентскиот календар, од страна на Наставно-научниот совет на факултетот беа усвоени: Распоредот за предавањата и вежбите со време и место на одржување на наставата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2025/2026 година (Одлука бр. 0202–1087/4 од 1.09.2025), Списокот за покриеност на настава на додипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје на студиската програма Ветеринарна медицина во учебната 2025/2026 година (Одлука бр. 0202–1087/5 од 1.09.2025), Распоредот на термини за пријавување на испитите и на термините на проверки на знаење со испитни рокови на интегрираните студии за прв и втор циклус студии на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за учебната 2025/2026 (Одлука бр. 0202–1087/6 од 1.09.2025 година.), Листата на наслови на теми за континуирана едукација за учебната 2025/2026 студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (Одлука бр. 0202-1087/7 од 1.09.2025 година), Списокот за покриеност на настава на додипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје на студиската програма Ветеринарна медицина - англиски јазик во учебната 2025/2026 година (Одлука бр. 0202–1267/4 од 13.10.2025), како и Распоредот за предавањата и вежбите со време и место на одржување на наставата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2025/2026 година за студентите запишани на студиската програма Ветеринарна медицина на англиски јазик (Одлука бр. 0202–1267/5 од 13.10.2025). Наставно-научиот совет го усвои и Распоредот на континуирани проверки и завршни испити за учебната 2025/2026 година на студиската програма Ветеринарна

медицина на англиски јазик на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (Одлука број 0202–1267/6 од 13.10.2025 година).

Сите овие информации се достапни на веб страницата на Факултетот, и истите беа споделени со студентите на студиските програми Ветеринарна медицина на македонски и англиски јазик.

### 1.2 Упис на студенти на додипломски студии во учебната 2025/2026 година

На почетокот на 2025 година, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје беше доставен допис согласно кој сите единици имаа можност да се изјаснат индивидуално во однос на висината на износот на партиципацијата и школарината за македонските и странските студенти, пред распишување на Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2025/2026 година. На Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, Наставно-научниот совет (0202–1503/8 од 4.12.2025 година) го усвои предлогот за висината на школарината за странските студенти на македонски и англсики јазик и износот на партиципација и школарина за македонските студенти.

Со донесување на Одлука, Наставно-научниот совет ги утврди потребите за распишување Конкурс за запишување студенти во прва година во учебната 2025/2026 година, за студиската програма од прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина на македонски јазик и англиски јазик при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

За реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во учебната 2024/2025 година, беше формирана Конкурсна комисија во состав: Проф. д-р Ксенија Илиевска – претседател, Проф. д-р Елена Давитковска – член, Проф. д-р Мирко Проданов – член (Одлука бр. 0202–473/7 од 16.04.2025 година).

Конкурсната Комисија успешно ги реализира 3[те] уписни рока. Пријавувањето на кандидатите и поднесувањето на документите како и изминатите години беше комбинирано, така што кандидатите своите документи ги прикачуваа електронски преку платформата iKnow и истите беа доставени во Службата за студентски прашања, на одредените датуми за пријавување согласно Конкурсот. Рангирањето на пријавените кандидати и подготовката на ранг листите според вкупниот збир на бодови, беше изведено согласно објавениот Конкурс и Упатството за реализација на Конкурсот подготвено од страна на Универзитетската конкурсна комисија.

Во првиот уписен рок во учебната 2025/2026 година на студиската програма Ветеринарна медицина се пријавија вкупно 23 кандидати. Од вкупниот број пријавени кандидати, се запишаа 22 студенти на ФВМ-С во квота со партиципација. Во вториот уписен рок се пријавија вкупно 2 кандидати, од кои се запиша 1 студент на ФВМ-С во квота со партиципација. Во третиот уписен рок се пријавија вкупно 3 кандидати, од кои се запиша 1 кандидат на студиската програма Ветеринарна медицина на македонски јазик. Од пријавените кандидати, на еден кандидат недостасува нострификација за завршено образование во странство, за кое е доставена потврда за поднесена апликација до Министерството за образование и наука, на студиската програма Ветеринарна медицина на македонски јазик.

Во однос на студенти странски државјани, на студиската програма Ветеринарна медицина на англиски јазик, согласно одредбите од Конкурсот, Решенијата за запишување на странски студенти и студенти државјани на РСМ со завршено целокупно образование во странство доставени од Универзитетската конкурсна комисија, на Факултетот за ветеринарна медицина се пријавени вкупно 13 кандидати, од кои се запиша само 2 студенти со комплетна документација. Од вкупниот број пријавени кандидати-странски државјани, 11 кандидати ги доставија своите документи без решение за нострификација., но врз основа на дописот од УКИМ и Одделението за настава, сите кандидати за кои се чекаше решение за нострификација беа вклучени во наставата. Од почетокот на наставата на студиската програма Ветеринарна медицина на англиски јазик до крајот на зимскиот семестар, решение за нострификација добија вкупно 6 кандидати и со повторно отворање на матичните книги се стекнаа со право на упис во прва година.

Иако последните години се соочуваме со проблемот на намалената заинтересираност за упис на нови студенти на нашиот Факултет, сепак сметам дека и покрај интензивната миграција на младите надвор од земјата, како Факултет треба да се залагаме и да ги користиме сите можности за промоција на студиските програми кои ги нудиме, бидејќи секој студент е вреден за нас.

Со доделување на индексите на 01 октомври 2025 година на новозапишаните студенти, свечено беше одбележан почетокот на новата учебна 2025/2026 година. На првиот академски час новите студентите добија информации за начинот на одвивање на наставата, континуираните проверки на знаења, како и останати корисни информации кои со нив ги сподели Продеканот за настава.

Дополнително, претседателот на ФСС ФВМ-С, Матеј Александровски и претседателот на ИВСА Северна Македонија, Илијана Тодова имаа кратко обраќање и презентации пред

студентите за тековните и изминатите активности на студентите, поканувајќи ги активно да се вклучат во работата и активностите на двете студентски организации.

Со Одлука на Наставно-научниот совет број 0202–1267/3 од 13.10.2025 година беше усвоен Извештајот за упис на студенти на интегрираниот прв и втор циклус студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во учебната 2025/2026 година беа запишани вкупно 24 студенти на студиската програма Ветеринарна медицина на макеоднски јазик и 2 странски студенти на студиската програма Ветеринарна медицина на англсики јазик.

Во рамките на годинешниот јубилеј, на 15 ноември 2025 година на пригоден начин беа доделени дипломите на дипломирани студенти.

Согласно барањата од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1503/8 од 4.12.2025 година, ги утврди предлозите кои се потребни за распишување Конкурс за запишување студенти во прва година во учебната 2026/2027 година и тоа, за студиска програма од прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина на македонски јазик, број на редовни студенти во државна квота – 35, број на редовни студенти со школарина – 10, број на редовни студенти – странски државјани со школарина – 5, и за Студиска програма од прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина на англиски јазик: број на редовни студенти со школарина – 50.

Врз основа на доставените барања од студентите на додипломските студии, поврзани со реализацијата на наставниот процес, Наставно-научниот совет во 2025 година разгледа и донесе одлуки со кои позитивно одговори на истите. Со Одлука бр. 0202-175/11 од 17.02.2025 година се одобри воведување на дополнителни испитни сесии за студентите во учебната 2024/2025 година, со цел полагање на заостанати испити. Дополнителните испитни сесии се реализираа во периодот од 10 до 18 март 2025 година и од 10 до 18 август 2025 година, при што на студентите им се овозможува полагање на најмногу два испита по испитна сесија. Со донесувањето на наведената одлука се овозможи постепено усогласување на студиската програма со Правилата за студирање и IKnow системот.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–947/8 од 14.07.2025 година го усвои Извештајот од Комисијата за настава по барање на студенти за подобрување на практичната настава на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Наставно-научниот совет, во рамки на своите надлежности и по препорака на Комисијата за настава, со Одлука бр. 0202–947/7 од 14.07.2025 година ги усвои измените на условите за напредување на студентите на студиската програма „Ветеринарна

медицина“ (2018/2019) и на студиската програма „Ветеринарна медицина“ на англиски јазик (2020/2021). Со наведените измени се овозможи усогласување на предметите во однос на условите за напредување и полагање.

### 1.3 Клиничка-теренска практика на студентите

Факултетот за ветеринарна медицина, во континуитет ја продолжува соработката со останатите ветеринарни друштва, клиники, фарми и други релевантни институции, преку склучување на нови договори за реализација на клиничко-теренската практика која претставува задолжителен дел од студиите и е услов за напредување на студентите и запишување во повисоките години. Факултетот, заклучно со 2025 година, има потпишано и обновено вкупно 48 договори, со што се овозможува постојана комуникација и соработка со ветеринарните практичари и стопанството, што е од суштинско значење за усовршување и надградување на претходно стекнатите знаења и практични вештини на студентите.

### 1.4 Реакредитација на студиска програма интегрираните додипломски студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина – англиски јазик

Во сптември 2025 година заврши процесот за реакредитација на студиската програма на интегрираните додипломски студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина – англиски јазик со добивање решение за акредитација од одборот за заредитација на високото образование и решение за почеток со работа од Агенцијата за квалитетот на високото образование.

### 1.5 Реакредитација на студиска програма втор и трет циклус студии

Во 2025 година факултетот започна активности поврзани со реакредитација на студиските програми за втор и трет циклус.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-1503 /6 од 4.12.2025 година со која се формира Комисија за изготвување предлог – проект за реакредитација на студиската програма од трет циклус - докторски студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во следниов состав: Проф. д-р Мартин Николовски – претседател, Проф. д-р Искра Цветковиќ – член, Проф. д-р Јована Стефановска – член , Проф. д-р Трпе Ристоски – член, Проф. д-р Влатко Илиески – член. По поднесениот предлог проект Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1614/2 од 29.12.2025 година, го усвои Елаборатот за

студиската програма од трет циклус на студии по „Ветеринарна медицина“ на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-1503 од 4.12.2025 година со која се формира Комисија за изготвување предлог – проект за реакредитација на студиската програма од трет циклус - докторски студии по Безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во следниов состав:Проф. д-р Сандра Мојсова – претседател, Проф. д-р Радмила Чрчева Николовска – член, Проф. д-р Велимир Стојковски – член, Проф. д-р Ромел Велев – член, Проф. д-р Мирко Проданов- член. По поднесениот предлог проект Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1614 /3 од 29.12.2025 година, го усвои Елаборатот за студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност на храна“ на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1267/11 од 13.10.2025 година со која се формира Комисија за изготвување Елаборат за повторна акредитација (реакредитација) на студиската програма „Безбедност и квалитет на храна“ од втор циклус (специјалистички) стручни студии на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во следниов состав: Проф. д-р Зехра Хајрулаи – претседател, Проф. д-р Мирко Проданов член, Проф. д-р Сандра Мојсова. По поднесениот предлог проект Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1614/4 од 29.12.2025 година, го усвои Елаборатот за студиската програма од втор циклус (специјалистички) стручни студии по „Безбедност и квалитет на храна“ на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 1.6 Ментори на докторски студии

Во 2025 година беа добиени три нови решенија за акредитација на ментори на студиски програми од трет циклус од Агенцијата за квалитет на високото образование, Одбор за акредитација на високото образование и тоа за:

- проф. д-р Мирослав Ќосевски на студиската програма Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринаран медицина – Скопје.
- проф. д-р Ристо Узунов на студиската програма Безбедност на храна на Факултетот за ветеринаран медицина – Скопје

- проф. д-р Мартин Николовски на студиската програма Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринаран медицина – Скопје.

## 1.7 Наставно-научен кадар (реизбор/избор)

Во 2025 година со цел унапредување на наставниот, научниот и соработничкиот кадар, Наставно-научниот совет донесе и Одлуки за формирање рецензентски комисии за повторен избор и беше извршен реизбор/избор за повисоки звања во согласност со Законот за високо образование, беше извршен избор на:

Редовни професори во следниве 9 (девет) научни области:

- 4.03.00.27 – Одгледување и наследни болести кај животните – Проф. Д-р Никола Адамов
- 4.03.00.05 – Микробиологија и Имунологија – Проф. Д-р Искра Цветковиќ
- 4.03.00.09 – Болести на преживени животни- проф. Д-р Игор Џаџовски
- 4.03.00.19- Репродукција на животните – проф. Д-р Бранко Атанасов
- 4.03.00.17 - Хирургија, Офталмологија и Ортопедија – проф. Д-р Ксенија Илиевска
- 4.03.00.23 - Исхрана -диететика Радмила Чрчева Николовска
- 4.03.00.21 - Зоохигиена и заштита на животна средина – проф. Д-р Мирослав Ќосевски
- 4.03.00.26 - Хемија во ветеринарна медицина – вонр. Проф. Д-р Ристо Узунов
- 4.03.00.03 - Физиологија – Проф. Д-р Мартин Николовски

Истражувачи во следниве 2 (две) научни области:

- 4.03.00.19 - Репродукција – Виш научен соработник д-р Игор Есмеров
- 2.11.05.07 - Друго (Исхрана на животни) Виш научен соработник д-р Александра Ангелеска

Реизбор на Асистенти во следниве 4 (четири) научни области:

- 4.03.00.05 - Микробиологија и Имунологија – Асс. Ивана Шиковаска
- 4.03.00.17 - Заразни болести со епидемиологија – Асс. Иван Матевски
- 4.03.00.17 - Хирургија, офталмологија и ортопедија – Асс. Јане Влахов
- Рентгенологија и физикална терапија – Борис Димитриевски

## 1.8 Демонстратори и стручни соработници

Со цел подобрување на наставно-образовниот процес, согласно одредбите на Законот за високо образование, актите на Универзитетот и Факултетот, Наставно-научниот совет

на Седницата одржана на 1.09.2025 година донесе Одлука бр. 0202–1087/13 за утврдување на потреба за избор на демонстратори како помошници на наставно-образовниот процес согласно барањата доставени од Катедри и предметните наставници

### 1.8.1 Демонстратори

По спроведената постапка, Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1503/2 од 4.12.2025 година го потврди изборот на десет (10) демонстратори како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2025/2026 година, и тоа за следниве предмети и демонстратори:

Патолошка физиологија 1 и 2 (Катедра за патофизиологија) - Верица Попоска; Биологија на клетка и Биохемија (Катедра за биохемија и биологија на клетка, Христина Милковска; Анатомија на животните 1 и 2 (Катедра за функционална морфологија)- Божидар Живкоски; Анимална хигиена 1 и 2 (Катедра за анимална хигиена) - Ена Добриќ; Хранливи, лековити и отровни растенија (Катедра за фармакологија и токсикологија и Катедра за исхрана на домашните животни) - Теодора Крстевска; Физиологија на животните 1 и 2 (Катедра за фукционална морфологија) - Матеј Александровски; Општо сточарство и Специјално сточарство (Катедра за одгледување на животни) - Дамјан Пешовски; Внатрешни болести на домашни миленици и копитари и Клиничка дијагностика на домашни миленици и копитари (Катедра за внатрешни болести на непреживни животни) - Дамјан Мицков; Рурална економија и Основи на менаџмент и менаџмент во ветеринарна пракса (Катедра за Рурална економија, менаџмент и биостатистика) - Томе Несторовски и Општа исхрана на домашните животни (Катедра за исхрана на домашните животни) - Стефан Јованов

### 1.8.2 Стручни соработници

Покрај потребата за интерен оглас за вклучување на демонстраторите како помошници во наставно-образовниот процес, согласно одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1087/14 од 1.09.2025 година утврди потреба од распишување интерен оглас за избор на стручни соработници како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за 2025/2026 година.

Наставно-научниот совет на седницата одржана на 4.12.2025 година донесе Одлука со бр. 0202–1503/3 со која го потврди изборот и вклучувањето на стручните соработници како помошници во изведување на наставно-образовниот процес, на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, за учебната 2025/2026 година на следните предмети и соработници:

Хистологија со ембриологија 1 и 2 на студиските програми Ветеринарна медицина на македонски и англиски јазик (Катедра за функционална морфологија) - Моника Довенска ДВМ; Биологија и патологија на риби и Биологија и патологија на пчели (Катедра за биологија и патологија за риби, пчели и дивеч) - Александар Трајчовски ДВМ; Паразитологија и паразитарни заболувања (Катедра за Паразитологија и паразитарни заболувања) - Љубица Рашиќ; Анатомија на животните 1 и 2 и Клиничка анатомија на животните (Катедра за функционала морфологија) - Димитар Божиновски; патолошка морфологија и Судско ветеринарство и ветеринарна етика (Катедра за патолошка морфологија и судска медицина) - Александар Јаневски ДВМ; Репродукција, Менаџмент на здравје на стадо и Клиничка пракса на фармски животни (Катедра за репродукција) - Зоран Димитровски, ДВМ; Специјална исхрана на домашите животни (Катедра за исхрана на домашни животни) - Љупчо Ангеловски ДВМ.

Избраните демонстратори, како и стручните соработници согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018) имаат потпишано договори за нивните активности согласно одлуките на органите на управување на Факултетот, и доставуваат месечни извештаи до продеканот за настава.

### 1.9 Визитинг наставници и стручнаци од практиката

Врз основа на донесените одлуки, во учебната 2025/2026 година, наставата на Факултетот е збогатена и со предавања од визитинг-наставници и гости професори од EAEVE одобрени институции врз основа на потпишани билатерални договори и/или по покана од страна на Факултетот чии предавања на студентите им овозможуваат да ги слушнат најновите сознанија во различни области на ветеринарната медицина.

Во 2025 година, настава одржаа следниве визитинг-наставници, и тоа:

- Проф. д-р Ален Славица, од Универзитет во Загреб, Факултет за ветеринарна медицина – Загреб, Хрватска, на предметот Биологија и патологија на дивеч, (Одлука број 0202–1267/17 од 13.10.2025 година).

- Проф. д-р Артур Ниецвец од Универзитет во Вроцлав, Полска Факултет за ветеринарна медицина, на предметот Внатрешни болести кај домашни миленици и копитари, (Одлука на ННС бр. 0202–1267/18 од 13.10.2025 година).
- Проф. д-р Ивана Тлак Гајгер од Универзитет во Загреб, Факултет за ветеринарна медицина – Загреб, Хрватска, на предметот Биологија и патологија на пчели, (Одлука број 0202–1267 /19 од 13.10.2025 година.)

Во текот на 2026 година настава на факултетот ќе одржат и

- Проф. д-р Герт Опсомер од Факултетот за ветеринарна медицина – Гент, Белгија на предметот Репродукција и Менаџмент на здравје на стадо, (Одлука ННС бр. 0202–1503/5 од 4.12.2025 година и Одлука на Ректорската управа на Универзитетот бр. 02–81/1-30 од 23.1.2026 година).
- Д-р Емилија Петрова, советник во Дирекцијата за радијациона сигурност, афирмиран стручњак од практиката за одделни делови од предметот Визуелни дијагностички методи (Одлука на ННС бр. 0202–1267/20 од 13.10.2025 година).

### 1.10 Комисја за настава

Во рамките на своите активности, Комисијата за настава изминатиот период го подготви Студентскиот календар, Распоредот на часови, Распоред на континуирани проверки и завршни испити, како и Списокот на покриеност на настава за учебната 2025/2026 год. Дополнително, Комисијата го изготви Водичот на студенти за студиските програми на македонски и англиски јазик, кој е достапен во електронска и печатена форма, и истиот беше споделен со новозапишаните студенти на првиот академски час.

Со реакредитација на студиската програма Ветеринарна медицина на англиски јазик, беше изготвена и еквиваленцијата на студиската програма од 2020 год., со програмата од 2025 год., и истата беше усвоена од страна на Наставно-научниот совет.

Имајќи ги предвид измените на студиската програма, како и воведувањето на електронскиот систем за наплата преку iKnow системот од страна на УКИМ, членовите на Комисијата за настава започнаа со изготвување на измени и дополнување на Одлуката за правила на студирање на инегрирани студии од прв и втор циклус (додипломски) и втор циклус (постдипломски) студии на ФВМ-С, како и условите за напредување на студентите на студиските програми Ветеринарна медицина на македонски и англиски јазик согласно студиските програми од 2018, односно 2020 год. Предлозите беа доставени и усвоени на Наставно-научниот совет.

Со цел навремено идентификување, превенирање и ефикасно надминување на тековните предизвици со кои се соочуваат студентите при реалзиција на теоретската и практичната настава, како и фунцкионирањето на ЕКТС системот, како Декан ќе се залагам за избор на студенти координатори — претставници од секоја студиска година и програма, со што ќе се овозможи подобра комуникација помеѓу студентите, наставниот кадар и раководните тела на Факултетот. Верувам дека добиените информации од страна на студентите-координатори ќе дадат одлични резултати во насока на подобрување на квалитетот на наставно-образовниот процес на Факултетот и најбрзо решавање на проблемите.

2. The European Association of Establishments for Veterinary Education (EAEVE)

Континуираното следење на активностите во делот за меѓународна акредитација, Факултетот го изведува години наназад со учество на Генералните собранија на EAEVE. Оваа година во период од 12-14 јуни 2025 година беше одржано 38 Генерално собрание на Европската асоцијација на ветеринарни високообразовни установи (EAEVE), кое се одржа Даблин, Р. Ирска на кое учествува проф. д-р Деан Јанкулоски, проф. д-р Ксенија Илиевска.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1267/22 од 13.10.2025 година со која се усвои Конечниот извештај од посетата на EAEVE (European Association of Establishments for Veterinary Education). Составен дел на одлуката е Конечниот извештај од посетата на EAEVE (European Association of Establishments for Veterinary Education).

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1420/2 од 12.11.2025 година со која за потребите на визитација на тимот од EAEVE за меѓународна акредитација на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се определува терминот втора половина на 2027 година. За потребите на престојната визитација во рамки на постапката за меѓународна акредитација од страна на EAEVE, се формираа работни групи по поглавја за изработка на самоевалуациски извештај (SER – Self-Evaluation Report) на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав:

I. Работна група за поглавје 1. Цели, организација и обезбедување на квалитет Носител: Проф. д-р Деан Јанкулоски; II. Работна група за поглавје 2. Финасии, Носител: Проф д-р Искра Цветковиќ; III. Работна група за поглавје 3. Наставен план, Носител: Проф. д-р Ксенија Илиевска; IV. Работна група за поглавје 4. Простор и опрема, Носител: Проф. д-р Тони Довенски; V.Работна група за поглавје 5. Достапност на животни за едукација, Носител: Проф. д-р Пламен Тројачанец; VI.

Работна група за поглавје 6. Материјали за учење, Носител: Проф. д-р Игор Улчар; VII. Работна група за поглавје 7. Прием и напредување на студенти, Носител: Проф. д-р Бранко Атанасов; VIII. Работна група за поглавје 8. Оценување на студенти, Носител:Проф. д-р Кирил Крстевски; IX. Работна група за поглавје 9. Наставен и помошен персонал, Носител: Проф. д-р Игор Џаџовски и X. Работна група за поглавје 10. Научно истражувачка работа, континуирано образование и постдипломско образование, Носител: Проф. д-р Мирослав Ќосевски.

Координацијата на носителите на Работните групи ја врши координаторот за EAEVE, на Факултетот кој го поднесува конечниот самоевалуациски извештај до Деканатската управа и Наставно-научниот совет на Факултетот. По формирањето носителите на работните групи досега одржа два состанока.

3. Ангажираност на наставници на други единици на УКИМ

Во текот на 2025 година наставниот и соработничкиот кадар на факултетот беше или ќе биде ангажиран за вршење на наставна дејност на други единици на УКИМ. За таа цел дноесение се неколку одлуки на ННС и тоа,

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–823/6 од 19.06.2025 година даде согласност на проф. д-р Лазо Пендовски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за изведување настава на прв циклус на студии во академската 2025/2026 година на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје по предметот: Анатомија на животни – задолжителен предмет во I (зимски) семестар на студиската програма Анимално производство.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-1087/10 од 1.09.2025 година даде согласност на проф. д-р Елена Давитковска, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за изведување на настава во учебната 2025/2026 година на УКИМ Економски институт – Скопје по следниве предмети: Деловна етика и КОО (изборен предмет на студиската програма по Меѓународен менаџмент); Менаџерски договори (задолжителен предмет во втор семестар на студиската програма Бизнис Менаџмент;) Право на друштвата (задолжителен предмет во прв семестар на студиската програма Бизнис менаџмент).

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1420/12 од 12.11.2025 година го прифати барањето за согласност за ангажирање на наставници од Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за изборни предмети за акредитација на студиската програма од интегриран прв и втор циклус шестгодишни студии по општа медицина на

УКИМ Медицински факултет – Скопје. Се донесе заклучок сите наставници кои се во контакт со соодветните катедри да достават до ННС информација за нивна вклученост во елаборатот за акредитација на студиската програма на Медицински факултет. Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-1503/4 од 4.12.2025 година даде согласност за ангажирање на наставници од Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за изборни предмети за акредитација на студиската програма од интегриран прв и втор циклус шестгодишни студии по општа медицина на УКИМ Медицински факултет – Скопје, и тоа: Проф. д-р Владимир Петков – Компаративна физиологија, Проф. д-р Мартин Николовски – Компаративна физиологија, Проф. д-р Александар Цветковиќ – Паразитологија и Едно здравје, Проф. д-р Искра Цветковиќ – Антимикробна резистенција и Едно здравје, Проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ - Компаративна хистологија, Проф. д-р Лазо Пендовски – Споредбена анатомија на уринарниот систем кај свиња и човек и Компаративна анатомија на животните и човекот, Проф. д-р Влатко Илиевски - Споредбена анатомија на уринарниот систем кај свиња и човек и Компаративна анатомија на животните и човекот. Со оваа одлука се овозможува понатамошно продлабочување на соработката помеѓу двете институции, не само во рамките на наставно-образовната, туку и во областа на апликативната и научно-истражувачката дејност.

## 4. Издавачка дејност на ФВМ-С

### 4.1 Комисијата за издавачка дејност

Комисијата за издавачка дејност изминатата година одржа 1 седница согласно поднесеното барање за издавање на учебно помагало, од страна на Александар Трајчовски и проф. Д-р Александар Цветковиќ. Извештајот е доставен до Наставно научниот совет за понатамошно разгледување и постапување.

Факултетот ќе ја продолжи практиката на објавување рецензирани и нерецензирани изданија, со што за студентите ќе се обезбедат печатени материјали на македонски и англиски јазик, со современи информации за голем број предметни програми.

### 4.2 Публикации

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-31/5 од 24.01.2025 година донесе одлука за давање согласност за преведување на српски јазик и публикација на учебното помагало со наслов: „Синхронизациски протоколи во млечното говедарство“ од авторите проф. д-р Тони Довенски, проф. д-р Бранко Атанасов, проф. д-р Милан Малетиќ и д-р

Љупчо Мицков за потребите на студенти на последипломски специјалистички студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Белград, Р.Србија, на модулот „Репродукција на животните", предмет: „Протоколи за унапредување на репродуктивната ефикасност на фармски животни".

5. Научно – истражувачка работа

Активностите поврзани со научно-истражувачката работа на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје главно се реализираа преку научно-истражувачки проекти, истражувачки активности, дипломски и докторски трудови, учество на стручни и научни собири во земјата и странство, објавување на научни трудови во научни списанија и слично. Дополнително во изминатиов период се спроведуваа политики со кои ќе се обезбедат подобри услови за научно-истражувачка работа на наставно-научниот и научниот кадар на факултетот.

5.1 Научни конференции

Факултетот како и во претходните години така и во 2025 година беше организатор на научни конференции и настани во кои учествуваа наши вработени.

Во септември 2025 година, Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје беше домаќин на конференција под мотото: „Една планета, едно здравје: Заедно градиме целосно и одржливо здравство". Со Одлука на Наставно-научниот совет 0202-947/3 од 14.07.2025 година беше одобрено одржување на 4. Годишна конференција на мрежата за едно здравје помеѓу ветеринарните и институтите за јавно здравје на територијата на Балканските земји - The Balkan One Health Network (BOHN) која се одржа на 03.09.2025 година во Берово, во организација на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје. Проф. д-р Игор Џаџовски беше задолжен за организација и реализација на конференцијата. На конференцијата беа презентирани трудови од претставници на членовите на мрежата од земјата и странство и вработени колеги на факултетот со теми кои се актуелни за заштитата на јавното здравје. Со Одлука на Наставно-научниот совет број 0202-1503/9 од 4.12.2025 година беше усвоен Извештајот за успешно одржаната конференција.

5.2 Работилници

Во рамките на Неделата за рационална примена на антибиотици (WAAW 2025) беше организирана работилница која се одржа на 24.11.2025 година, на Факултетот за

ветеринарна медицина – Скопје. Во работилницата беше вклучена презентација за активностите на Мутисекторската комисија за борба со АМО во хуманиот и ветеринарниот сектор и работилница посветена на студентите во соработка со ФСС на Факултетот. Пред присутните беше одржана и јавна презентација на резултатите од Проектот ФВМ-С-ИПР4-"Антимикробна резистенција кај бактерии изолирани од миленици во Р. С. Македонија" – главен истражувач проф. д-р Искра Цветковиќ.

Со Одлука на Наставно-научниот совет број 0202-1614/8 од 29.12.2025 година беше одобрено Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во 2026 година да биде организатор на работилница „Менаџмент на здравјето на фармските животни со посебен акцент на болести на чапунки и нивното влијание врз репродукцијата", со проф. Д-р Бранко Атанасов одговорен за спроведување на активностите. Оваа работилница е предвидено да се одржи во текот на втората половна на 2026 година, и претставува форма на меѓународна соработка помеѓу Факултетите за ветеринарна медицина од регионот со поддршка на проф. Д-р Александар Штарке од Клиниката за фармски животни при Факултетот за ветеринарна медицина од Лајпциг.

Со Одлука на Наставно-научниот совет број 0202–1267/10 од 13.10.2025 година беше одобрено организирање на меѓународна научна конференција 11. Меѓународен научен собир „Денови на ветеринарна медицина 2026" и Одлука за формирање на одбори и тела за реализација на (бр. 0202–1614/5 од 29.12.2025 година).

### 5.3 Македонски ветеринарен преглед (Macedonian Veterinary Review)

Меѓународното научно списание "Macedonian Veterinary Review" (The Official Journal of the Faculty of Veterinary Medicine - Skopje at Ss. Cyril and Methodius University in Skopje p-ISSN 1409-7621 e-ISSN 1857-7415) е официјална публикација на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје. Научното списание Македонски ветеринарен преглед е едно од трите научни списанија кои ги уредуваат единиците при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје кое што има фактор на влијание за 2024 година (IF=0.3) од страна на Clarivite Analytics. Исто така, списанието е индексирано во три бази од Core Collection на Clarivite, и тоа WoS, ESCI и Zoological records. Проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ како главен и одговорен уредник на списанието, заедно со својот тим беа ангажирани за поголем број активности со цел промоција и зголемување на видливоста на списанието, а со тоа и на самиот Факултет и нашиот Универзитет.

Во извештајниот период од публикување на вториот број во 2024 година до крајот на 2025 година, процесуирани се вкупно 135 труда, од кои 21 труд се публикувани во првиот

и вториот број на списанието (Вол. 48 од 2025), 3 трудови се објавени како Ahead of Print, 93 трудови се одбиени, а останатите се во фаза на рецензија. Реализација на издавачката дејност во однос на работи и задачи опфаќаат стручна но и административна и техничка активност во објавувањето на трудовите во електронска и во печатена верзија, менаџирање со manuscript manager, пресметка и ажурирање на метриката на списанието за потребите на веб страната. За потребите на новата платформа на Sciendo изготвени се изјави за уредувачката политика на списанието и етичките изјави на авторите согласно новите барања и поставки, а кои се наоѓаат на профилот на списанието на оваа издавачка куќа. Во моментот, списанието е индексирано во три бази од Core Collection на Clarivate, и тоа WoS, ESCI и Zoological records.

Направена е пресметка и ажурирање на метриката на списанието за потребите на веб страната, а продолжен е договор со Сциендо (Sciendo) до крајот на 2026 година.

Од страна на уредувачкиот одбор превземени се активности за добивање нова метрика според евалуацијата на Scopus и ажурирање на веб страната, дисеминација на информации и потпишување договор со лектора за вршење на лекторски услуги и корекции на текстови на англиски јазик кои ќе се објавуваат во списанието. Беше направено и ажурирање на листата на рецензенти со нови рецензенти во рамките на Manuscript manager софтверот, ажурирање на веб страната , а беше овозможено и испраќање метаподатоци на објавени трудови за Sciendo, AGRIS и DOAJ.

### 5.4 Проекти во реализација и одобрени проекти,

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-1087/15 од 1.09.2025 година го прифати Договорот за доделување на средства за финансирање на научно-истражувачки проект од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработка помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметнта специјализација) на Факултетот за ветеринарна медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, склучен помеѓу Министерството за образование и наука и Факултетот со арх. број 15-6443 од 25.07.2025 година и арх. број 03 – 1017 од 24.07.2025 година со наслов „Интегриран пристап за развој на ефикасен и достапен пробиотик за одржливо живинарство“. Согласно проектната апликација и предвидените активности главен координатор / истражувач за проектот е д-р Катерина Благоевска, научен советник. По спроведените активности за првата година од проектот. По спроведените активности во текот на првата година од реализација на проектот и по доставен извештај Наставно-научиот совет со Одлука број

0202–1614/8 од 29.12.2025 година. го усвои годишниот извештај поднесен од главниот истражувач и истиот беше доставен до Министерството за образование и наука.

Во тек е реализацијата на ЕРАЗМУС+ проектот Reaching Beyond Borders: Enhancing Communication and English Proficiency in Veterinary Medicine Education (VETCOM), Тип: KA220-HED - Cooperation partnerships in higher education, добиен преку ЕРАЗМУС+ програмата за период 1.9.2024 - 31.8.2026. Проектот се реализира во соработка со Ветеринарниот факултет во Загреб и Школата за странски јазици Атлас од Даблин. Завршени се работните пакети 2 и 3, а во тек е реализација на останатите работни пакети.

И во 2025 година продолжува со реализација активноста согласно е Уредбата на Владата на Република Северна Македонија со која доделена е Финансиската подршка на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Целта на предложениот проект е подобрување на генетскиот потенцијал во краварски фарми за производство на млеко во Република Северна Македонија, преку имплементација на ембриотрансферот, со употреба на замрзнати ембриони добиени во ин-виво и ин-витро услови од генетски високовредни женски животни и Формирање на центар за производство, складирање и дистрибуција на ембриони добиени во ин-виво и ин-витро услови од генетски високовредни женски животни, на ФВМ-Скопје со можност да прерасне во Регионален центар за ембриотрансферот.

Согласно Уредбата започна реализација на проектот по известување добиено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со бр. 14-9425/2 од 15.11.2023 год, во кое Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје е директен корисник согласно дел II став (2) на мерката „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој" точка 1.8 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка и руралниот развој" подточка 1.8.8„ Инвестиции за подобрување на генетскиот потенцијал на млечни крави во Република Северна Македонија преку употребата на сексирано семе и ембриотрансферот" од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 год („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 43/2023, 73/23, 120/23, 149/23, 164/23 и 223/23). Проектот за инвестиции за подобрување на генетскиот потенцијал на млечни крави во Република Северна Македонија преку употреба на сексирано семе и ембрио-трансферот е предвидено да трае пет години, со прецизна распределба на средствата по години во износ од 60 милиони денари и тоа со почеток од 2023 до 2027 година. Потпишан беше нов договор со МЗШВ со број 14-13762/2 од 05.12.2025 година, со што продолжуваат активностите околу реализација напроектот.

Од меѓународните проекти, во тек е реализацијата на проектот „Depletion of veterinary pharmaceuticals and radiometric analysis of their residues in animal matrices“ Project Code D52043. Главен истражувач: Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, поддржан од IAEA. Рокот на спроведување на договорот No. 24676 е до јуни 2026.

Во рамките на техничкиот проект за соработка Improving National Capacities for Early Detection and Characterization of Emerging and Re-emerging Animal Diseases with Strong Economic Consequences and Upgrade of the Bio Risk Management at the National Laboratory MAK5011, финасиран од IAEA на факултетот се добиени реагенси, потрошни материјали и лабораториска опрема. Главен истражувач е проф. Д-р Игор Џаџовски.

И во 2025 година продолжија планираните активности од проектот „Reaching Beyond Borders: Enhancing Communication and English Proficiency in Veterinary Medicine Education (VETCOM)“, координатор доц. д-р Мирослав Ќосевски во рамките на KA220 HED, ERASMUS + програмата со што придонесува кон подобрување на наставната програма на Англиски јазик на Факултетот. Вработените од факултетот вклучени во проектот успешно ја поминаа фазата на престој на Ветеринарниот факултет во Загреб, Р. Хрватска.

Во изминатиот период, од страна на Факултетот беа поддржани и околу десетина апликации за нови научно-истражувачки и апликативни проекти на меѓународно ниво.

Деканатската управа како и досега така и во иднина дава потполна поддршка на вработените во поднесување апликации за научно истражувачки проекти. Со тоа факултетот ја развива научно истражувачката работа и придонесува кон зголемување на угледот и на Универзитетот како и преставува можност преку добиените проекти да се обезбеди дополнителна обука на вработените, вмрежување со други научни институции домашни и меѓународни како и набавка на опрема и реагенси наменети за истражувачката работа и дополнителни финансиски средства.

Поради тоа на предлог на Деканатската управа усвоени се следниве одлуки на седниците на Наставно-научниот совет, и тоа:

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–175/12 од 17.02.2025 година го одобри аплицирање на проект под наслов: „The Strengthening Capacity Building, Training, Digitalization, and Employability for Biosecurity and Food Safety“ поднесен од доц. д-р Миросав Ќосевски. Главен апликант е Универзитетот во Приштина, а главен истражувач од Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје е доц. д-р Мирослав Ќосевски. Проектот се аплицира во рамките на ERAZMUS + програмата.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-473/18 од 16.04.2025 година го одобри аплицирањето на проект во рамки на мрежата „Humane Slaughter Association (HSA)“ на

повикот HSA Student /Trainee Sholarship 2025 со работен наслов „Impact of transportation and thermal stress of livestock (pigs and cattle) welfare trough assessment of carcass and meat quality indicators" – поднесен од студентите Божидар Живкоски и Јана Ќортошова под менторсто на проф. д-р Деан Јанкулоски и доц. д-р Мирослав Ќосевски. Главен апликант е Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–473/24 од 16.04.2025 година го одобри аплицирањето на проект во програмата на ERASMUS +/ERASMUS 2027 под наслов „Veterinary Anatomy Digital Exchange Initiative " поднесен од проф. д-р -Лазо Пендовски-главен истражувач. Главен апликант е Универзитетот во Истанбул – Ветеринарен факултет во Џерахпаша, Турција.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–473/14 од 16.04.2025 година ја одобри аплицирањето на проект во програмата на ERASMUS + KA2 под наслов „Green Ruminant Production: Bridging Researsh & Innovation and Education for Sustainability – GRASS (KA 220-HED" поднесен од доц. д-р Мирослав Ќосевски. Главен апликант е Факултетот за ветеринарна едицина во Белград, а главен истражувач од Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје е доц. д-р Мирослав Ќосевски.

Наставно-научиот совет со Одлука Број 0202–473/17 од 16.04.2025 година ја одобри аплицирањето на проект во програмата на ERASMUS + по повикот: Capacity building in the field of vocational education and training (VET) ERASMUS -EDU-2025-CB-VET" под наслов: „Food Classrooms- Cultivating furure foodies" поднесен од главен истражувач д-р Љупчо Ангеловски.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-823/5 од 19.06.2025 година ја одобри апликација за проект финансиран од Министерство за образование и наука по Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети- факултети/научни институти/ МАНУ за 2025 година под работен наслов: "Примена на биојаглен и зеолит за оптимизација на производствените перформанси и митигација на негативните ефекти во сточарското производство" поднесен од главен истражувач проф. д-р Сандра Мојсова.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–823/7 од 19.06.2025 година ја одобри апликација за проект финансиран од Министерство за образование и наука по Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти поврзани со паметната специјализација под работен наслов: „Интегриран пристап за развој на ефикасен и достапен пробиотоик за одржливо живинарство" поднесен од главен истражувач од д-р Катерина Благоевска, научен советник.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–473/15 од 16.04.2025 година го одобри аплицирање на проект во програмата на ERASMUS + KA2 под наслов „Digital tools and Innovative teaching practices for Veterinary medicine, animal science and biology Education-DIVE“ поднесен од доц. д-р Миросав Ќосевски-главен истражувач. Главен апликант е Универзитетот во Падова, Италија,

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–473/16 од 16.04.2025 година го одобри аплицирање на проект во во програмата на ERASMUS + KA2 под наслов „Cooperation partnerships in vocational education and training (KA 220-VET“ поднесен од главен истражувач. проф. д-р Лазо Пендовски. Апликант е Eskisehir Provincial Directorate of Disaster and Emergency (Eskisehir AFAD) Турција преку Centre for European Union Education and Youth Programs (Turkish National Agency).

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–473/20 од 16.04.2025 година го одобри барањето поднесено од проф. д-р Бранко Анѓеловски, за продолжување на рокот за спроведување на проектните активности за проектот под наслов: „Генетски диверзитет на свинските инфлуеца А вируси и нивна импликација врз интензивното свињарско производство и јавно здравје“ под акроним ФВМ-С-ИПР-5 до 30.09.2025 година.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–473/19 од 16.04.2025 година го одобри барањето поднесено од д-р Елизабета Димитриеска Стојковиќ, научен советник, за продолжување на рокот за спроведување на проектните активности за проектот под наслов „Евалуација на безбедноста на храната за животни во Република Северна Македонија“ во однос на потенцијалот за придонес кон антимикробна та резистентност во синџирот на исхраната “ под акроним ФВМ-С-ИПР-7 до 30.09.2025 година.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–823/4 од 19.06.2025 година ја одобри апликација за проект финансиран од OSCARS по повикот „2-nd Open Call for Open Science Projects and Services“ под работен наслов:„FAIRifying Comparative Whole Genome Sequencing for Antimicrobial Resistance (AMR-Pathfinder-FAIR)“ поднесен од главен истражувач д-р Љупчо Ангеловски. Координатор на проектот е Erasmus University од Холандија , а учесници се Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“– Скопје и Simon Fraser University од Канада.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–823/6 од 4.07.2025 година ја одобри апликација за проектот во програмата IPA ADRION Interreg - Advancing Regional Innovation, Sustainability and Education in the Poultry Sector of the Adriatic- Ionian Region (POULTRYRISE), поднесен од д-р Катерина Благоевска, научен советник.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–823/7 од 4.07.2025 година ја одобри апликација за проектот во програмата IPA ADRION Interreg – Smarter and Assessible Genetic tools: Transnational monitoring of brown bears as a model for innovation and capacity building - SAGE поднесен од проф. д-р Мирослав Ќосевски.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1420/3 од 12.11.2025 година ја одобри реализација на научно-истражувачкиот проект со наслов: „Tailored Biosecurity Framework for Non-Intensive Animal Farming Systems (BIOFRAME)“ поднесен од проф. д-р Мирослав Ќосевски.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1420/4 од 12.11.2025 година ја одобри изработка на проект по Конкурсот на Министерството за образование и наука за финансирање на заеднички научно-истражувачки проекти помеѓу Република Северна Македонија и Република Австрија за период 2026-2028 година, со наслов: „Болести што се пренесуваат со песочни мушички во Северна Македонија – интегративен пристап со користење на кучиња скитници како сентинели – поднесен од проф. д-р Александар Цветковиќ, во партнерство со д-р Едвин Ниха од Медицинскиот Универзитет во Виена.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1420/5 од 12.11.2025 година го одобри прифаќање на апликацијата за научно – истражувачкиот проект по повикот: HORIZON-WIDERA-2025–01-ACCESS-01 — European Excellence Initiative (EEI), со наслов „Alliance for Scientific Excellence and Capacity Building in Antimicrobial Stewardship (Elevate4AMS)“ – поднесен од проф. д-р Искра Цветковиќ.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1420/6 од 12.11.2025 година го одобри прифаќање на апликацијата за научно-истражувачкиот проект под наслов: „Перфлуороалкални супстанци во храна од животинско потекло: аналитички предизвици, мониторинг и проценка на ризик по здравјето на консументите“ - поднесен од проф. д-р Ристо Узунов во рамки на Конкурсот за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти за 2025/2026 година објавен од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“– Скопје.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-1420/7 од 12.11.2025 година го одобри прифаќање на апликацијата за научно-истражувачкиот проект за повикот HORIZON-CL6-2025-02-FARM2FORK-02 (Cluster 6 Call 02- single stage) во рамки на Европското партнерство за благосостојба и здравје на животните (EUPAHW2.0) под наслов: „Development of relevant animal-based measures for Real time monitoring of animal welfare“ – поднесен од проф. д-р Влатко Илиески.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1614/9 од 29.12.2025 година ја одобри реализација на проектот: МАК 5012 „Upgrading National Capacity for monitoring of antimicrobial resistance in animals" поднесен во рамки на новиот циклус од програмата за техничка подршка на IAEA за 2026–2027 година. Реализацијата на проектот започнува на 1.01.2026 година и ќе трае три години. Вкупниот буџет на проектот изнесува 384.680,00 евра. Главен истражувач од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е проф. д-р Искра Цветковиќ.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-1087/15 од 1.09.2025 година го одобри Договорот со наслов „Интегриран пристап за развој на ефикасен и достапен пробиотик за одржливо живинарство" за доделување на средства за финансирање на научно-истражувачки проект од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработка помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација) на Факултетот за ветеринарна медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, склучен помеѓу Министерството за образование и наука и Факултетот со арх. број 15-6443 од 25.07.2025 година и арх. број 03 – 1017 од 24.07.2025 година. Со договорот за реализација на проектот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се доделуваат вкупно средства во висина од 6.854.000,00 денари. Согласно проектната апликација и предвидените активности главен координатор/истражувач за проектот е д-р Катерина Благоевска, научен советник.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1087/16 од 1.09.2025 година ја одобри апликација за проект во рамките на Erazmus+ програмата Cooperation partnerships in higher education (KA220- HED) со насов: „V-Shield: Strengthening Veterinary Education for Animal Welfare" поднесен од Проф. д-р Влатко Илиески.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1267/21 од 13.10.2025 година формира Комисија за оценување на завршениот извештај на проектот: „Антимикробна резистанција кај бактерии изолирани од миленици изолирани од Република Македонија" финансиран од Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со акроним ФВМ-С-ИПР4 поднесен од главниот истражувач проф. д-р Искра Цветковиќ, во следниов состав: Д-р Славчо Мреношки, Проф. д-р Кирил Крстевски, проф. д-р Мирко Проданов. Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1420/8 од 12.11.2025 година го прифати предлогот со позитивна оценка од Комисијата за оценување на завршениот извештај на проектот. Со одлуката водечкиот истражувач беше задолжен да изврши јавна презентација на резултатите од проектот пред членовите на Наставно-научниот совет, другите вработени на Факултетот и претставници од други установи.

Горенаведените научно-истражувачки активности на Факултетот се потврда за политиките на континуиран развој и зголемување на научно-истражувачката дејност во 2025 година.

### 5.5 Комисијата за наука

Комисијата за наука во рамки на своите надлежности во 2025 година ги презема следниве активности и тоа, Подготовка за воведување нова процедура за пријавување и регистрација на научно-истражувачки проекти; Изработката и ревидирање на постојни правилници за спроведување на научни истражувања, научно истражувачки проекти и стручно усовршување на кадарот и подготовка на листа со научно-истражувачка инфраструктура на Факултетот. На ова се надоврзуват и активностите на Етичката комисија за научни истражувања и експериментални животни која започна со работа во 2025 година. Комисијата започна со преглед на потенцијални процедури за пријава и одобрување на истражувањата од Етички аспект кои се спроведуваат на факултетот. Се очекува во следниот период наведените Комисии да изготват финални документи кои ќе бидат доставени на преглед до органите и телата на Факултетот.

Добиениот извештај од спроведената превизитација од страна на тимот на EAEVE, особено во Поглавје 10 „Research programmes, continuing and postgraduate education", се констатира моменталната состојба во научно-истражувачката работа која генерално беше позитивно оцената. Сепак преку извештајот се утврдија и клучните приоритети во полето на научната дејност на факултетот кои ќе бидат составен дел на релевантните интерни документи и се приоритет во политиките за научно истражувачка работа;

Во Септември 2025 година Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје преку поддршка од Министерството за образование и наука доби институционален пристап до една од најрелевантните индексирани научни бази Web of Science на Clarivate Analytics. Со тоа и наставно-научниот и научниот кадар на Факултетот за ветеринарна медицина доби неограничен пристап до базата на трудови на Web of Science, а во изминатиот период вработените имаа и можност за онлајн учество на обуки за користење и работење со алатките достапни на оваа светска научна база.

На Интерниот Конкурс за избор на најдобри научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2024 година објавен во Септември 2025 година, во научно-истражувачкото подрачје Земјоделски и Ветеринарни науки наградата за најдобар научник ја доби проф. д-р Мартин Николовски од Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје. Оваа награда заедно со објавените научни трудови и реализираните проекти на

наставно-научниот и научниот кадар имаат значителен придонес во промоцијата на научно-истражувачката работа на Факултетот во поширок општествен контекст и ги исполнуваат поставените цели на научно-истражувачката работа на Факултетот. Сето ова го оправдува и стимулира понатамошното залагање за иден развој на научно-истражувачката дејност, која е приоритетна во работата и за следната календарска година.

### 5.6 Меѓународни активности на вработените

Академскиот кадар на ФВМ-С учествуваше и во активностите и едукација на Европскиот одбор за ветеринарна специјализација (European Board of Veterinary Specialisation – EBVS), Европската соработка во науката и технологијата (European Coopeartion in Science and Technology-COST), годишни конференции организирани од Европските референтни лаборатории (EURL), обуки во организација на Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA), годишни научни конференции, учество во работа во проекти и обуки во земјата и странство и сл. Овие активности на барање на вработените се финансиски подржани од факултетот или од организаторот на настанот. Со тоа овозможено е непречено научно усовршување на кадарот на Факултетот и воспоставување контакти и соработка со колеги и институции од земјата и од странство како и промоција на Факултетот и на Универзитетот.

#### 5.6.1 European Board of Veterinary Specialisation (EBVS)

Во рамките на континуираното унапредување на научно-истражувачките и стручно-апликативните капацитети на Факултетот, посебно значење има развојот и ангажманот на наставно-научен кадар со највисоки европски специјалистички квалификации, стекнати во рамките на системот на Европскиот одбор за ветеринарна специјализација – EBVS.

Во таа насока, Наставно-научниот совет, со Одлука бр. 0202–947/4 од 14.07.2025 година, го одобри учество во активности на проф. д-р Искра Цветковиќ на European College of Veterinary Microbiology (ECVM) (Берлин, Германија).

По успешно положениот испит, проф. д-р Цветковиќ се стекна со титулата Diplomate of the European College of Veterinary Microbiology (DiplECVM), што претставува исклучително меѓународно стручно и научно признание и директен придонес кон зајакнување на научно-истражувачката дејност, развојот на специјализирана експертиза во областа на ветеринарната микробиологија. Со тоа ФВМ-С обезбедува специјализација

за ветеринарна микробиологија и е Одобрен тренинг центар на ECVM под надзор на проф. Д-р Искра Цветковиќ.

Проф. д-р Влатко Илиески е **EBVS** специјалист на Animal Welfare Science, Ethics and Law, што претставува европско стручно и научно признание во областа на благосостојбата и бихевиоралната медицина на животните. Овој ангажман влијае врз унапредувањето на научните истражувања во областа на благосостојбата и однесувањето на животните, интеграцијата на европските стандарди и препораки во наставната и истражувачката дејност, и зајакнување на меѓународната соработка и институционалната препознатливост. Како признание за неговата меѓународна академска активност, проф. Д-р Влатко Илиески од 2025 година е заменик-претседател на Научниот комитет на COST (SC). Исто така професорот избран е за член на Статутарното тело на ФВЕ кое ги анализира и дава предлози за имплементација на Европската легислатива која се однесува на регулирање на статусот на ветеринарната професија

Ангажманот и постигнувањата на овие наставници претставуваат силен индикатор за квалитетот на наставно-научниот кадар, зајакнување на меѓународната соработка и институционалната препознатливост на Факултетот, усогласување со современите европски стандарди и трендови во ветеринарната наука и практика, како и за неговата активна улога во европскиот простор на високо образование и научно-истражувачка дејност.

### 5.6.2 European Cooperation in Science and Technology (COST)

Вработените на факултетот учествуваа во голем број на активности на меѓународно ниво преку програмата за Европска соработка во науката и технологијата (COST) со што имаа можност за воспоставување на нови можности за соработка и зголемување на препознатливоста на факултетот и Универзитетот.

Во прилог е дел од активностите,

- проф. д-р Сандра Мојсова - 1st. MC Meeting of Cost Action 24140 One Health zoonotic Hepevirus Network (ONWARD), кој се одржа во Брисел, Белгија.
- д-р Љупчо Ангеловски - 2nd. Working Group Meetings of COST Action 23152, кој се одржа во Амстердам, Холандија..
- д-р Александар Трајчовски - „Животните како биоиндикатори“ и состаноци на работните групи WG2, WG3, WG4 и WG6 во рамки на COST акцијата CA22105 – Валоризација на пчеларските производи и биомониторинг на пчелите и медот (BeSafeBeeHoney), кој се одржа во Краков, Полска.

- проф. д-р Александар Цветковиќ - COST акција CA22105 – BeSafeBeeHoney, која се одржа во Краков.
- проф. д-р Александар Цветковиќ -Комитет за менаџмент и Работилница на COST акцијата CA21170 – Prevention, anticipation and mitigation of tick-borne disease risk applying the DAMA protocol (Pragmatic) со наслов: Interdisciplinary approach for tick and tick-borne pathogen (TBP) risk assesment while implementing the DAMA protocol, кои ќе се одржа во Клуж-Напока, Романија.
- проф. д-р Елена Атанаскова Петров - CA21170 – Prevention, anticipation and mitigation of tick-borne disease risk applying the DAMA protocol (Pragmatic) со наслов: Interdisciplinary approach for tick and tick-borne pathogen (TBP) risk assesment while implementing the DAMA protocol , која ќе се одржи во Клуж-Напока, Романија.
- проф. д-р Мирко Проданов - CA23152 – Building Consensus on Biofilm Regulatory Decision Making (Regulatory TOOlBox) со наслов: Second working group meetings, која ќе се одржи во Амстердам, Холандија.
- проф. д-р Мирослав Ќосевски -COST Работилница за фармска биосигурност на Инфлуенца кај свињи, која се одржа во Либорн, Франција.
- проф. д-р Сандра Мојсова - Third Training School of COST Action CA21146 Purple Gain кој се одржуа во Антверпен, Белгија.
- д-р Љупчо Ангеловски - Third Training School of COST Action CA21146 Purple Gain кој се одржа во во Антверпен, Белгија. Сите трошоци се на товар на организаторот COST.
- проф. д-р Александар Цветковиќ -состанок на Комитетот за менаџмент на COST – акцијата CA221673- Solving bottlenecks in eel reprodustion to support sustainable aquaculture (EELSUPPORT) кој се одржа во во Чесенатико, Италија.
- Проф. д-р Бранко Ангеловски - CA20103 (COST BETTER) кој се одржа во Барселона, Шпанија.
- Александар Трајчовски - CA 2216 која се одржа во Чесенатико, Италија.
- Александар Трајчовски - Blue Bio Techpreneurs Baltic Hackathon кој ќе се одржа во Гдањск, Полска.
- Љубица Рашиќ и Бојана Чапкуновска - Training School about CCHFV epidemics and collecting, identifying and analysing od Hyalomma ticks, кој се одржа во Сивас, Турција.

- доц. д-р Мирослав Ќосевски - CA20103 (COST BETTER) кој се одржа во Барселона, Шпанија.
- проф. д-р Мирослав Ќосевски -COSt Action BETTER Core Group Meeting, кој се одржа во Барселона, Шпанија.
- проф. д-р Сандра Мојсова - First working group meetings COST Action CA 23152 – Regulatory Tool Box, кој се одржа во Порто, Португалија.
- д-р Љупчо Ангеловски - First working group meetings COST Action CA 23152 – Regulatory Tool Box, кој се одржа во Порто, Португалија.
- проф. д-р Мирко Проданов - First working group meetings COST Action CA 23152 – Regulatory Tool Box, кој се одржа во Порто, Португалија.
- проф. д-р Александар Цветковиќ - COST акцијата CA23154 – Environmental impact of anthelmintics in livestock and alternatives to minimize their use (ENVIRANT), кој се одржиа во Виена, Австрија.

### 5.6.3 Други меѓународни активности

Вработените на факултетот имаа можност да учествуваат во работа на меѓународни конференции и работилници, во прилог се дел од активностите

- проф. д-р Искра Цветковиќ и ас. Ивана Шикоска - EURESTOP General Meeting GP3, Севиља, Шпанија.
- проф. д-р Александар Додовски - 2. Меѓународен конгрес за живинрство, со усна презентација, Сараево, Босна и Херцеговина.
- доц. д-р Мирослав Ќосевски-Transnational exchange platform for the management of large carnivores in the Dinaric-Blkan- Pindos region, Јанина, Грција.
- проф. д-р Искра Цветковиќ, проф. д-р Кирил Крстевски и проф. д-р Игор Џаџовски - работилница Strengthening regional laboratory cooperation, Белград, Република Србија.
- проф. д-р Елена Атанаскова Петров - 3. состанок на здружението BAVBD, Палиќ, Република Србија.
- д-р Биљана Стојановска Димзоска, научен советник, - 9. International feed conference innovating feed- shaping the future FEED 2025, Нови Сад, Србија. Активностите се дел од проектот финансиран од Министерството за образование и наука.
- проф. д-р Мирослав Ќосевски учесво во активности на Регионална работилница ISAE East - Central 2025, Софија, Бугарија.

- ас. Ивана Шикоска - стручна обука во Хрватскиот ветеринарен институт - Лабораторија за бактериски зоонози и молекуларна дијагностика на бактериски заболувања, во Загреб, Хрватска.
- Проф. д-р Александар Додовски - 30. Годишно советување на докторите по ветеринарна медицина на Република Српска, Теслиќ, Босна и Херцеговина.
- д-р Искра Цветковиќ учествува на меѓународна конференција„ 4-th International Conference Antimicrobial Resistance – current state and perspectives“ како поканет предавач, кој се одржа во Нови Сад, Р.Србија.
- проф. д-р Ромел Велев му се одобрува учество на меѓународна конференција„ 4-th International Conference Antimicrobial Resistance – current state and perspectives“ како поканет предавач, Нови Сад, Р.Србија.
- проф. д-р Александар Цветковиќ во периодот од 11-13 октомври 2025 година учествуваат на „5th Internatonal Symosium for Agriculture and Food“ со усна презентација на тема „Tropilaelapsosis , a new threat to European apiculture“, Охрид, Р.С. Македонија.
- проф. д-р Ристо Узунов во периодот од 26-30.10.2025 година учествува на Работилница Good Practices Giuding Risk Communication, Парма, Италија во организација на EFSA.
- д-р Катерина Благоевска во периодот од 14-19 септември 2025 година учествува на XX-th. European Symposium od the Quality of Eggs and Egg Products and XXVI-th European Symposium od the Quality of Poutry Meat, Задар, Хрватска. Обуката е дел од активности на проект финансирано од МОН.
- Проф. д-р Бранко Атанасов (пленарен предавач), д-р Љупчо Мицков, виш научен соработник, д-р Игор Есмеров, виш научен соработник (орални презентии), проф. д-р Деан Јанкулоски, и Зоран Димитровски учествуваа на „16.Scientific Symposium ANIMAL REPRODUCTION“ кој се одржа 16-18.10.2025 година во Дивчибаре, Република Србија. Во таа прилика беше одржана и средба на деканите факултетите за ветеринарна медицина од регионот (Србија, С. Македонија, БиХ).
- Проф. д-р Кирил Крстевски учествуваше на Јубилеен настан 20.години Специјалистичка ветеринарна лабораторија и 70. години Ветеринарна лабораториска дијагностика во Црна Гора, кој се одржа 6-8.10.2025 година во Подгорица, Црна Гора.
- Проф. д-р Ристо Узунов – извештај од Работилница EURL mycotoxins & plant toxins EURLMP-WS08, која се одржа 7-8.10.2025 година во Брукелен, Холандија,

### 5.6.4 Членство во меѓународни организации

Вработените на факултетот земаат и учество во работата на меѓународни организации од соодветните области, и тоа,

- Членство за ESDAR (European Society for Domestic Animal Reproduction) за проф. д-р Тони Довенски, проф. д-р Владимир Петков, проф. д-р Бранко Атанасов, доц. д-р Мартин Николовски, д-р Љупчо Мицков, виш научен соработник и за Моника Довенска.
- Членство во Светската живинарска асоцијација (Word Veterinary Poultry Association – WVPA) за 2025 година, проф. Д-р Александар Додовски претставник на огранокот за Р.С. Македонија.

### 5.6.5 European reference laboratories

Како и во претходните години и во 2025 година продолжи учеството на вработените на факултетот во работа во годишните активности на EURL референтите лаборатории за соодветните области, во продолжение дел од учествата,

- проф. д-р Јована Стефановска во периодот од 26-29.10.2025 година учествува во работата на 20.Работилница на Националните референтни лаборатории за паразити, која се одржа во Рим, Италија.
- Љубица Рашиќ ДВМ во периодот од 14-17.10.2025 година заради учествува на обука EURL – Parasites на тема: Identification of Echinococcus granulosus sensu lato complex at species/ gnotypes levelby PCR/RFLP and multiplex PCR, која се одржа во Рим, Италија.
- проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу учествува на EURL WFSR работилница, која се одржа во периодот од 27-30.10.2025 година во Вагенинген, Холандија .
- проф. д-р Игор Џаџовски учествува во работата на Workshop on Laboratory Diagnosis of African (ASF) and Clasical swine Fever (CSF) кој се одржа 2-4.06.20205 година, во Мадрид, Шпанија.
- проф. д-р Александар Додовски учествува во работата на 31. Годишен состанок на Националните референтни лаборатории за авијарна инфлуенца и Њукастелска болест кој се одржа во период од 16-17.10.2025 година, во Тревизо, Италија.

- проф. д-р Игор Џаџовски учествува на годишниот состанок на рефернтни лаборатории за ТСЕ, кој се одржа во период од 12-14.05.2025 година, во Торино, Италија.

5.7 Работилници

Во текот на 2025 година беа реализирани серија на активности со цел подобрување на националните и регионални капацитети за здравствена заштита на животните и подобра координација и соработка со надлежните министерства и органи на државна управа во Р. Македонија и регионот, експертската јавност, одгледувачи на животни и останати заинтересирани субјекти.

- 5. Годишна Конференција на Светското здружение за наука во живинарството се одржа 28.05.2025 година во Неготино под модераторството на претседателот на македонскиот огранок на здружението проф. Д-р Александар Додовски. Беа презентирани теми во врска со клиничка слика, дијагноза и контрола на инфективен ларинготрахеитис кај живината – искуства од пракса, исхрана на кокошки несилки, претприемништво, иновации и идни перспективи за живинарската индустрија како и осврт на актуелната ситуација со авијарната инфлуенца и Њукастелската болест. Настанот присуствуваа околу 50 учесници од различни сегменти на живинарството како веледрогерии, ветеринарни установи, истражувачки институти и одгледувачи на животни.
- На Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје на барање на Агенцијата за храна и ветеринарство во периодот од 11-12 јуни 2025 година беше одржана работилница на тема „Risk assessment from A to Z“ во организација на Европската Агенција за безбедност на храна (EFSA). На состанокот покрај вработени од факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, учествуваа експерти од EFSA, експерти од земјата и странство.
- Четвртата регионална конференција за едно здравје под мотото „Една планета, едно здравје: Заедно градиме целосно и одржливо здравство“. Конференцијата беше одржана на 3 септември 2025 година во Скопје со активно учество и презентација на научно-стручната работа на повеќе вработени на ФВМ-С-. (проф. Д-р Игор Џаџовски, проф. Д-р Кирил Крстевски, проф. Д-р Искра Цветковиќ, Проф. д-р Ромел Велев, Љубица Рашиќ, ДВМ, Загорка Попова Христовска ДВМ, Асс. Иван Матевски, Ивана Шикоска, ДВМ).

- Симулациска вежба за болеста Чума кај малите преживари во период 25 – 27.04.2025 година во Скопје, организирана во рамки на проектот на FAO (GF.REUTD.RY2030000RIE2). На настанот учествуваа проф. Д-р. Кирил Крстевски, проф. Д-р Игор Џаџовски кои во соработка со меѓународни експерти беа дел од тимот за планирање и реализација на вежбата, која вклучуваше едукативен (интерактивни презентации) и практичен дел (теренски активности за тестирање на протоколите).
- Серија работилници за африканска чума кај свињите, наменети за теренски и официјални ветеринари, ловци и одгледувачи на свињи. Во периодот од 19.10-15 12.2025 година, одржани беа вкупно 6 (шест) работилници. Работилниците беа организирани од АХВ, со стручна поддршка од ФВМ-С. Целта на работилниците беше подигање на свесноста и подобрување на знаењето за ризиците и карактеристиките на болеста африканска чума кај свињите, како и мерките за превенирање, рано откривање и контрола на болеста. Во активностите учестува и проф. Д-р Кирил Крстевски, проф. Д-р Бранко Ангеловски, проф. Д-р Игор Џаџовски, Асс. Иван Матевски, Александар Трајчовски ДВМ.
- Обука за официјални процедури за пакување и транспорт на примероци која се одржа 14 – 15.04.2025 година во Скопје. Обуката е дел од проектот ADEWB-II, финансиран од ЕУ. Одржана беше регионална работилница за земјите од Западен Балкан за постоечките упатства и процедури за пакување и испраќање примероци за лабораториско испитување, со активно учество на проф. Д-р Игор Џаџовски, проф. Д-р Бранко Ангеловски и Загорка Попова Христовска
- Во рамките на Неделата за рационална примена на антибиотици (WAAW 2025) беше организирана работилница која се одржа на 24.11.2025 година, на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје. Во работилницата беше вклучена презентација за активностите на Мутисекторската комисија за борба со АМО во хуманиот и ветеринарниот сектор и работилница посветена на студентите во соработка со ФСС на ФВМС. Пред присутните беше одржана и јавна презентација на резултатите од Проектот ФВМ-С-ИПР4 - "Антимикробна резистенција кај бактерии изолирани од миленици во Р. С. Македонија" - главен истражувач проф. д-р Искра Цветковиќ.

### 5.8 Меѓународни обуки реализирани на ФВМ-С

Во претходниот период, на факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, се одржаа повеќе обуки на лица кои престојуваа во лабораториите на факултетот по основ на различни меѓународни проекти, во кои наши вработени од соодветните области беа вклучени во обуките. Во прилог е список од обуките:

- Научна посета за двајца научни соработници од Специјалистичката ветеринарна лабораторија од Подгорица, Црна Гора, во период 2-6.03.2025 година дел од проектот на IAEA (SV-MNE5005), на тема примена на нови технологии и алатки за секвенционирање на цели геном. Во обуката учествуваа проф. Д-р Игор Џаџовски, проф. Д-р Кирил Крстевски, Загорка Попова-Христовска ДВМ.

Учеството на академскиот кадар во континуирани активности за стручно и научно усовршување е усогласено со барањата на EAEVE Standard 3 **и** Standard **8.**

Факултетот како и досега и понатаму ќе го подржува активностите и ги потекнува вработените за понатамошна едукација со цел постигнување на највисоките стандарди за ветеринарна едукација

## 6. Универзитетска ветеринарна болница (УВБ)

Универзитетската ветеринарна болница во текот на 2025 година ја извршуваше својата дејност во согласност со законските прописи, стандардите на ветеринарната струка и образовната мисија на ФВМ-С. Болницата претставува наставно-научна и здравствена установа која обезбедува ветеринарно-медицински услуги, практична настава и поддршка на научно-истражувачката дејност.

Универзитетската ветеринарна болница со Решение за одобрување за вршење на ветеринарно здравствена дејност дејност УП- I Бр. 10 – 3524 од 19.09.2025 година беше повторно впишана во регистарот на ветеринарни друштва со точниот назив "Универзитетска ветеринарна болница-Факултет за ветеринарна медицина-Скопје,.

Во извештајниот период, Универзитетската ветеринарна болница работеше со вкупно шест (6) доктори по ветеринарна медицина, како и еден (1) административно-технички работник. Дополнително, во работата беа вклучени и лица со наставно-научно или научно звање, согласно Одлука бр. 0201-1085/9-8 од 27.08.2025 година. Ваквата организација на човечките ресурси овозможи континуирано обезбедување на здравствени услуги и непречено одвивање на наставниот процес.

Во 2025 година дел од вработените во УВБ учествуваше на неколку меѓународни стручни конгреси

Филип Тројачанец и ас. Јане Влахов - учествуваа на Ветеринарната конференција за мали животни EERVC-2025 која се одржа во периодот од 23-25 октомври 2025 година во Љубљана, Словенија; International scientific conference "Traditions and modernity in veterinary medicine" 2025 Bulgaria), со што се придонесе за континуирано унапредување на стручните и наставните капацитети.

Со цел подобро да се одговори на потребите и очекувањата на сопствениците на миленици и да се зголеми достапноста на услугите, од 01.12.2025 година е воведено продолжено работно време за прием на пациенти, во периодот од 08:00 до 18:00 часот, согласно расположливите капацитети.

И покрај одредените просторни, кадровски ограничувања, Универзитетската ветеринарна болница успешно ги реализираше планираните активности. Во наредниот период, приоритет ќе претставуваат понатамошно унапредување на наставно-клиничката дејност, воведување на посовремено решение за евиденција на пациенти, континуирано стручно усовршување на кадарот, проширување на спектарот на услуги, како и зајакнување на соработката со домашни и странски институции.

7. Центар за едукација, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина - ЕДУВЕТ ДООЕЛ

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–660/8 од 19.05.2025 година со која за членови на Надзорниот одбор на Друштво–Центар за едукација, истражување, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина- ЕДУВЕТ- ДООЕЛ Скопје се избрани: Проф. д-р Искра Цветковиќ, Проф. д-р Пламен Тројачанец, Проф. д-р Мирко Проданов. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 3 години, со право на повторен избор. Согласно член 21 од Изјавата за основање на Друштво со ограничена одговорност орган на надзор на ЕДУВЕТ ДООЕЛ - Скопје е Надзорниот одбор. Надзорниот одбор брои три члена од редот на вработените на Факултетот избрани во наставно-научни звања. Членовите на Надзорниот одбор ги именува Наставно-научниот совет. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е 3 години, со право на повторен избор.

Во 2025 година Друштвото ЕДУВЕТ презема и други активности во рамки на своите надлежности и тоа,

- Во периодот од 04.02 до 05.02.2025 година во Скопје, Едувет го организира 7-от генерален состанок со COST акција на тема Работилница за законодавство за биосигурносните мерки во сточарските фарми од Европа, со осврти на социјалните,

економски и психолошки фактори кои влијаат на одлучувањето за спроведување на биосигурносните мерки.

- Беше склучен договор за јавна набавка помеѓу Министерствто за животна средина и просторно планирање и Едувет – ДООЕЛ Скопје арх. бр. 03-87 од 29.04.2025 година за „Изработка на Стратегија за едукативна програма во Зоолошки градини“ согласно огласот бр. 04941/2025 објавен на ЕСЈН.
- Друштвото Едувет-дооел Скопје во периодот од 24.-26.06.2025 година во Софија, Бугарија ја организираше работилница Regional ISAE East-Central workshop 2025 со насалов "Bridging Science and Practice: A Workshop on Farm Animal Welfare Assessment".
- Во период кога факултетот остана без услуги од агенцијата за одржување на хигиената направени беа договори за ангажирање на 4 лица за одржување на хигиената на факултетот за период од 4 месеци со почеток од 08.12.2025 година.
- Започнувајќи од 8.11.2025 година Работно време на Универзитетска ветеринарна болница продолжено до 18 часот.
- Вработената Сара Ѓорѓиевска ДВМ и беше обезбедено учество на курс онкологија организиран од ОКЕАН – Беград, Србија

Во 2025 година извршен е адудит на друштвото од страна на Агенција за храна и ветеринарство и издаден е записник број 24-230, во кој не се констатирани несообразности во работењето.

## 8. Промотивни активности на ФВМ-С

Како и изминатите години, и оваа година Факултетот зема учество во бројни промотивни активности организирани од страна на Универзитетот, но и на самиот Факултет.

За потребите на промотивните активности, беа изработени бројни промотивни материјали/флаери/летоци/банери во хартиена и електронска форма, и истите беа споделени со матурантите на web страницата на факултетот како и на социјалните мрежи Facebook и Instagram.

- Во текот на извештајниот период, Центарот за кариера на ФВМ-С во координација со Продеканот за настава и ФСС беа реализираше неколку промотивни активности, и тоа:
- На покана и во организација на најголемата студентска организација Студентарија, Факултетот за ветеринарна медицина зема активно учество на Саемот за

образование 2025, кој се одржа на 15 – 16.03.2025 година во Скопје презентирајќи ги студиските програми на средношколците и идни студенти и запознавајќи ги со можностите кои ги нуди ветеринарната професија;

- Традиционален Отворен ден на ФВМ-С кој се одржа на 25.04.2025 година, на кој средношколците имаа можност да се запознаат со студиските програми, просторните капацитети на ФВМ-С за изведување на теоретската и практичната настава, техничката опременоста на лабораториите и Универзитетската ветеринарна болница и апликативната работа. Матурантите остварија непосреден контакт со дел од наставниот кадар на Факултетот, и имаа можност да ги слушнат искуствата на студентите од нашиот Факултет. Посебен ангажман имаа студентите - Матеј Александровски, Мартина Костадинова, Деа Блажевска, Елеонора Додевска и Илијана Тодова, кои во директната комуникација со средношколците поблиску ги запознаа со предвизвиците кои ги носи самиот студиум, но и позитивни страни на ветеринарна професија;

Во соработка со Универзитетското студентско собрание, студентите на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје успешно го претставија својот матичен факултет на Меѓународниот ден на студентите, кој се одбележа на декември 2025 година кој се одржа во просториите на Лабораториум.

Кон крајот на 2025 година, Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје организираше едукативна посета на ученици од основните училишта „Љубен Лапе“ и „Невена Ѓеорѓиева Дуња“. Дополнително, на 05.11.2025 година, на ученици од III одделение од ОУ „Христијан Тодоровски Карпош“ од страна на Димитар Божиновски, ДВМ соработник и Божидар Живковски, студент-демонстратор, беше одржана пригодна едукативна презентација и интерактивна демонстрација од областа на споредбената анатомија, прилагодена на нивната возраст;

Согласно билатералниот договор со Средното ветеринарно училиште „Браќа Миладиновци“ од Скопје, на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, и оваа година својата задолжителна пракса ја обавуваат учениците од средното училиште.

Сите промотивни активности досега беа спроведени во координација со претставниците на Центарот за кариера на ФВМ-С.

И во иднина како декан ќе се залагам за интензивирање на промотивните активности, организирање на креативни работилници и советувања на средношколци како за потребите на развојот и промоцијата на ветеринарната професија.

9. Студентска организација и студентски активности

9.1 Факултетското студентско собрание (ФСС)

Во извештајниот период студентите согласно актите на Факултетот и Универзитетот, се активно вклучени во различни активности на комисии и тела на Факултетот. Претставниците на Факултетското студентско собрание при Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (ФСС - ФВМ-С) учествуваат во работата на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, Комисијата за самоевалуација, Комисијата за настава, Комисијата за изготвување на предлог – проект за реакредитација на студиска програма од интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на англиски јазик, Работните групи за изработка на самоевалуациски извештај за потребите на EAEVE и Комисијата за издавачка дејност.

Со одлука на Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–472/2 од 16.04.2025 година беше верификуван мандатот на студентите од Факултетското студентско собрание и претставници во Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, и тоа: Елеонора Додевска, Деа Блажевска, Илијана Тодова, Мартина Костадинова. Мандатот на студентите во Наставно-научниот совет е 2 години.

Согласно актите на Универзитетот, Факултетот и Статутот на ФСС ФВМ-С во декември 2025 година беше донесена Одлука за распишување на избори на нов претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина — Скопје и беше формирана Комисија за спроведување на избори. Беа одржани собири на студентите на кои истите имаа можност да предлагаат кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание. По спроведените избори за членови и претседател на ФСС при ФВМ-С, избрани беа следните студенти: Марко Антов - претставник од втора година, Марио Тимчевски - претставник од трета година, Илина Пановска и Мартин Лавдинов- претставници од четврта година и Деа Блажевска и Елеонора Додевска - претставници од петта година и Матеј Александровски - претседател на ФСС. Претставниците на избраните студенти ќе ја водат комуникацијата во однос на измени на термини за одржување на предавања, вежби, континуирани проверки, завршни испит а истата должност ја има и претседателот на ФСС.

Претставниците на Факултетското студентско собрание при Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје заедно со наставниците и асистентите земаа учество во промотивните настани, организираа бројни работилници и останати активности наменети за студентите.

Континуираното залагање на студентите за заживување на Интернационалната ветеринарна студентска асоцијација- International Veterinary Students' Association (IVSA), која не беше активна неколку години, резултираше со прифаќање на истата во рамките на светската меѓународна организација. Како резултат на тоа, во период 01-04.05.2025 год., претседателот на ФСС и IVSA Р. Македонија, учествуваа на третиот Европски Регионален IVSA Симпозиум кој се одржа во Вроцлав, Р. Полска.

Со зголемување на бројот на учество на студентите во телата на Факултетот, се зголеми и бројот на барањата поврзани со наставниот процес, финансиска помош за бројните активности кои беа позитивно решавани од страна на Деканатската управа.

Како и досега, заеднички ќе овозможиме покривање на трошоците за учество на студентите на симпозиуми, хуманитарни акции, студентски активности, натпревари и сл.

### 9.2 Работилници, конференции и студентски мобилности

Во изминатата 2025 година забележани се бројни активности на студентите и ФСС, кои во соработка со предметните наставници организираа неколку работилници со нивно активно и тоа,

- Работилница за оддбележување на Светскиот ден на пчелите, одржана на 20.05.2025 година,
- Научен труд - начини на пишување и придобивки на еден студент– одржана на 22.05.2025 година,
- Работилница за управување со антибиотици – студии на случаи и стратегии за ефикасно справување со АМР, одржана на 24.11.2025 год;
- Работилница за Паразитолошки клинички случаи во ветеринарната медицина – одржана на 03.12.2025 година,

Деканската управа на факултетот во август 2025 година донесе Одлука со која се одобри барањето поднесено од Факултетското студентско собрание на ФВМ-С бр. 03-1101 од 26.08.2025 година за поддршка при реализација на студентскиот настан „Ветеринијада 2025", кој се одржа во Конгресниот центар во Охрид, во периодот од 26-29.09.2025 година. На конференцијата, учествуваа 19 студенти и 4 студенти волонтери како и 7 предавачи. Покрај студентите, свои предавања имаа и проф. д-р Мирослав Ќосевски, проф. Д-р Мартин Николовски, асс. Јане Влахов, асс. Борис Димитриевски, асс. Ивана Шикоска, д-р Александар Трајчовски, и Димитар Божиновски, ДВМ. Во рамките на конференцијата беа организирани и спортски активности, кои придонесоа за зајакнување на меѓусебната комуникација, вмрежување и размена на идеи за воспоставување и

унапредување на понатамошни соработки со студентите по ветеринарна медицина од регионот и пошироко. Настанот беше подржан и од Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје преку Одлука бр. 02-663/16 од 16.04.2025 година за распределба на средства за културни активности во 2025 година.

Студентите имаа можност да учествуваат на неколку мобилности во рамките на летните школи, и тоа,

На покана на Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Сараево, во период од 13 до 15 март, 2025 гододина, координаторот на клиничка практика на фармски животни проф. д-р Бранко Атанасов и 5 студенти учествува на работилницата за "Управување со здравјето на чапунките кај млечните крави" во Пријдор/Козарска Дубица, Босна и Херцеговина во оргнаизација на Факултетите за ветеринарна медицина во Лајпциг и Сараево. Благодарение на активното учество на нашите студенти во рамките на работилницата, тие беа поканети од проф. д-р Александар Штарке да ја посетат Клиниката за големи животни при Факултетот за ветеринарна медицина во Лајпциг. Посетата беше реализирана во текот на месец август, при што сместувањето за студентите беше целосно обезбедено од факултетот во Лајпциг.

Димитар Петков и Михаела Соколовиќ студенти на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, учествува на летната школа во рамките на програмата за мобилност CEEPUS „VetNEST Summer school for Animal Welfare, Veterinary Ethics and Law and Comunication Skills), која се одржа 6-11.07.2025 година, во Будимпешта, Унгарија.

Деканатската управа на факултетот го одобри барањето на студентите со која беа одобрени логистички и технички материјали за одржување на "Хуманитарна изложба на миленици" која се одржа на 7.07.2025 година на плоштадот во Автокоманда, Скопје. Со оваа своја активност Студентите по ветеринарна медицина, со поддршка од Факултетот, ја искажаа својата високата посветеност, солидарност и хуманост кои ја карактеризираат ветеринарната професија.

## 10. Комисија за самоевалуација и Совет за квалитет

Согласно Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 674/2024) на Факултетот за ветеринарна медицина е формирани се и работат Комисијата за самоевалуација и Советот за квалитет.

## 10.1 Комисија за самоевалуација

Комисијата за самоевалуација при Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во 2025 година продолжи континуирано да работи согласно насоките утврдени од страна на Центарот за квалитет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Оттука во изминатиот период комисијата изготви извештај и анализа на резултатите од спроведените електронски анкети за: Анкета на студентите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар; Анкета за општите услови за студирање; Анкета за општите услови за работа на наставниот кадар и Анкета за општите услови на стручно-административниот кадар. Анкетите беа спроведени периодот од 9-30.12.2024 година за зимскиот семестар и од 5-26.05.2025 година за летниот семестар. Врз основа на добиените одговори од целните групи во анкетите Комисијата изработи Извештај од спроведени анкети за учебната 2024/25 и истиот беше усвоен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот со Одлука ННС бр. 0202–1087/8 од 1.09.2025. Дополнително, Комисијата за самоевалуација активно придонесуваше во работата на Советот за Квалитет при Факултетот за ветеринарна медицина, особено во подготовката на Акцискиот план и мерливите индикатори за успех.

Согласно предвидената динамика, Комисијата за самоевалуација во следниот период ќе продолжи со анализа на податоците од редовно спроведените анкети за учебната 2025/26, а истовремено собира материјали и се подготвува за изработка на следниот Извештај за самоевалуцаија согласно предвидениот работен календар на Универзитетот.

## 11.2 Совет за квалитет

На Факултетот за ветеринарна медицина активности има и Советот за квалитет. Согласно своите надлежности Советот за квалитет при ФВМ-С поднесе годишен акциски план за 2024/25 година со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста.

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1087/9 од 1.09.2025 година го усвои Годишниот извештај за реализација на Акцискиот план на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2024/2025 година. Составен дел на одлуката е Годишниот извештај за реализација на Акцискиот план на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2024/2025 година изготвен од Советот за квалитет на Факултетот. Годишниот извештај за реализација на Акцискиот план на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2024/2025 година да се достави до Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје .

Исто така Советот за квалитет при ФВМ-С поднесе годишен акциски план за 2025/26 година со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста. Согласно анализата утврдени се следниве показатели, и тоа

Предности-Институција со акредитирани лаборатории според ISO 17025, кои покриваат ветеринарна медицина, јавно здравство и животна средина; Континуирана обука на кадарот преку професионален развој, семинари и меѓународни работилници; Меѓународна соработка со универзитети и лаборатории во Европа и светот; Модерна опрема во лабораториите и клиниките, погодна за дијагностика, истражување и практична настава; Услуги за индустријата и јавниот сектор, вклучувајќи: Дијагностика и контрола на болести кај домашни животни, Контрола на добиточна храна и храна за човечка потрошувачка, Унапредување на ветеринарното јавно здравје, Поддршка за сопственици на домашни миленици

Слабости-Недостаток на финансиска автономија и административни бариери кои го ограничуваат развојот на проекти и истражувања; Ограничени можности за вработување млад кадар, поради зависност од државни одобренија; Недоволен простор за предавања, лабораториска работа и клинички активности.

Можности-Вклучување на нови видови и зголемување на пристапот до практична работа во наставната програма со некои видови, како што се коњи и егзотични животни; Интензивирање на соработката со факултетите кои нудат наставни програми на англиски јазик за размена на факултети и подобрување на вештините на англискиот јазик

Закани- Отворање на нови ветеринарни факултети во земјата, што доведува до нелојална конкуренција и намалување на квалитетот на образованието во ветеринарното образование; Неповолни демографски трендови поради миграцијата на младите, што резултира со континуиран пад на запишаните студенти; Недоволно национално финансирање за развој и спроведување на образовни и истражувачки активности.

По поднесување на Годишниот акциски план (2025–2026 година) Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–1267/12 од 13.10.2025 година го усвои истиот. Планот дава конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста поднесен од Советот за квалитет на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

На крајот би сакал да истакнам дека како декан и понатаму ќе се заложам овие процеси да продолжат со цел унапредување на наставниот процес и издигнување на квалитетот на студирањето на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје кое треба и може да се подигне само со ефикасен модел на финансирање кој произлегува од реалните

потреби, а важен предуслов за успешно решавање на овој проблем е донесување на предлог-мерките за финансирање на високото образование врз основа на индикатори за реално чинење на образованието на одредени профили, во кои припаѓа и вреднувањето на наставата.

11. Кадровска состојба на факултетот

Во 2025 година беа поднесени повеќе барања за одобрување на нови вработувања на факултетот, но за жал беа добиени дописи од Министерството за финансии со кои бевме информирани дека не се одобрени средства за 2025 година. Во наредниот период јас како декан со деканатската управа ќе продолжиме да работиме на добивање одобренија за вработување согласно систематизацијата на факултетот и барањата добиени од катедрите за утврдување потреба за распишување конкурси за нови вработувања и унапредување на статусот на вработените во повисоки звања.

12. Одбор за соработка и доверба со јавноста

Одборот за доверба и соработка со јавноста во 2025 година одржа две седници на кои се разгледуваа точки од надлежности на неговата работа согласно член 122 од Законот за високото образование и член 86 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Претседателот на одборот година проф. Д-р Тони Довенски пред одборот ги презентираше и беа усвоени сите точки меѓу кои елаборати за акредитација на студиски програми, потпишани договори и меморандум со државни институции, извештаи за завршени проекти и слично.

13. Меѓународна соработка

Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во рамките на своите меѓународни активности во изминатата 2025 година продолжи со проширување на своите партнери и потпиша дополнителни билатерални договори за меѓународна соработка со научно-истражувачки институции од различни држави:

Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202–823/11 од 4.07.2025 година за прифаќање на Договорот за соработка склучен помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Научниот ветеринарен институт „Нови Сад“ од Нови Сад, Република Србија, со арх. број 03–715 од 27.05.2025 и 10351–4400 од27.05.2025 година.

Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202–1614/10 од 29.12.2025 година за прифаќање на Договорот за соработка склучен помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Унивезитетот за ветеринарна медицина во Виена, Австрија, со арх. број 03–1589 од 16.12.2025 година.

13.1 Одбор за меѓународна соработка.

Согласно член 84 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, од 2025 година на факултетот работи формирање на Одбор за меѓународна соработка. Одборот се формира како стручно тело, со цел развој и унапредување соработка со други Факултети за ветеринарна медицина и сродни високообразовни и научни институции на меѓународно ниво.

Во изминатата година Одборот за меѓународна соработка главен акцент стави на:

Изработка на листа на потенцијални партнери за воспоставување на стратешки меѓународни партнерства со Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје. Во моментот оваа листа е во подготовка и се очекува да биде финализирана во 2026 година, согласно и со Акциониот план усвоен од Советот за квалитет при ФВМ-С;

Основање на Канцеларија за меѓународна соработка при Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје која директно ќе нуди техничка и административна поддршка во меѓународните активности на Факултетот. Во изминатиот период се спроведуваа обуки на потенцијалниот административен кадар за постојните програми за мобилност, како и размена на искуства со вработените од Канцеларијата за меѓународна соработка при Факултетот за ветеринарна медицина од Загреб.

Со цел промоција на можностите за студентска мобилност преку програмите за мобилност на Факултетот, Одборот за меѓународна соработка на 22.10.2025 година одржа промотивна работилница пред студентите на Факултетот. На работилницата беа презентирани постојните можности за студентска мобилност, како билатерални соработки на Факултетот, програмите ERASMUS и CEEPUS, како и други облици на мобилност (летни школи, пракси, меѓународни работилници и слично). Дополнително, на работилницата студентите кои биле корисници на мобилностите имаа можност да ги презентираат своите искуства пред останатите колеги идни потенцијални корисници на студентските мобилности.

Од друга страна, во рамките на редовните меѓународни активности и соработки, Факултетот продолжи со негово институционално делување на регионално и европско

ниво. Овие облици на делување се остваруваа преку мобилности на студенти, наставен, научен и техничко-административен кадар, реализација на билатерални договори, официјални посети на партнерски институции и организации, организирање и учество на меѓународни настани, потпишување билатерални договори, партиципација во меѓународни мрежи, како и размена на искуства со меѓународните партнери. Преку главните програми за мобилност достапни на Факултетот, CEEPUS и ERASMUS+ преку кои беа реализирани бројни активности:

### 13.2 Central European Exchange Program for University Studies (CEEPUS)

Во рамките на CEEPUS програмата во академска 2024/2025 година година беа реализирани следните активности, и тоа, Изготвување на финален извештај за активностите на мрежата за 2024/2025 година, Активности околу статусот на мрежата и искористување на преостанатите месеци за мобилност и Подготвување на нови документи за апликација за 2025/2026 година.

Беа реализирани три мобилности на докторанти (CEEPUS mobility B – Short-term PhD Student mobility), во текот на летниот семестар и тоа:

- Иван Матевски – Универзитет во Загреб, Катедра за заразни болести и епидемиологија (01.04.2025 – 30.04.2025).
- Борис Димитриевски – Универзитет во Загреб, Катедра за дијагностичко снимање и физикална терапија (01.02.2025 – 01.03.2025).
- Ена Добриќ – Универзитет во Виена, Катедра за хигиена на животни (01.06.2025 – 30.06.2025).

Исто така реализирани беа четири мобилности на наставен кадар (CEEPUS mobility C – Teaching Staff mobility)

- Зехра Хајрулаи-Муслиу – Универзитет во Приштина (04.05.2025 – 08.05.2025), предавања по хемија.
- Влатко Илиески – Универзитет во Загреб (14.04.2025 – 19.04.2025), летна школа за *Zoonoses*.
- Влатко Илиески и Мирослав Ќосевски – Универзитет во Будимпешта (06.07.2025 – 11.07.2025), летна школа *Summer school Animal Welfare, Veterinary Ethitcs and Law and communication skills*.
- Зехра Хајрулаи-Муслиу – Универзитет во Загреб (08.04.2025 – 09.04.2025), координациски состанок на CEEPUS.

Реализирани беа мобилности за 12 студенти на додипломски студенти (CEEPUS mobility – Short-term Student mobility), и тоа;

- Универзитет во Загреб (14.04.2025 – 19.04.2025), летна школа *Zoonoses* – 5 студенти.
- Универзитет во Будимпешта (06.07.2025 – 11.07.2025), летна школа за *Summer school Animal Welfare, Veterinary Ethitcs and Law and communication skills* – 7 студенти.

Реализираните мобилности преку CEEPUS програмата придонесоа за унапредување на наставата, истражувањата и меѓународната соработка на ФВМ-С.

### 13.2.1 Veterinary Network of European Student and Staff Transfer (VETNEST)

Вработените имаа можност да користат и мобилности преку Veterinary Network of European Student and Staff Transfer мрежата, и тоа за следниве активности. Во продолжение листа со некои од активностите,

- проф. д-р Влатко Илиески и доц д-р Мирослав Ќосевски беа поканети предавачи на Летната школа Animal welfare ethics and law на Ветеринарниот факултет во Будимпешта, Унгарија во рамки на CEEPUS III Network no. CII-HR-0107-17-2324 и VETNEST мрежата, која се одржа од 6-11.07.2025 година.
- Јана Ќортошева, Христина Милковска и Магдалена Гаврилоска, студенти на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, учествуваа на летната школа за егзотични и диви животни „VETNEST Summer school for ehotic and wild anials medicine, која се одржа на Ветеринарниот факултет во Загреб, Р. Хрватска, која се одржа од 30.06-5.07.2025 година.

### 13.3 EU programme for education, training, youth and sport + (ERASMUS +)

Во рамки на мобилноста кој се овозможени преку меѓународната Европската програма за образование, обуки, млади и спорт (ERASMUS+) на Факултетот за ветеринарна Медицина–Скопје за академската 2024/2025 година беа преземени следниве активности.

Мобилности за настава странски студенти:

Странски студенти кои престојуваа на нашиот факултет во академската 2024/2025 година се:

- Daniel Wiśniewski, 5. Семестар од University of Warmia and Mazury, Faculty of Veterinary Medicine, Olsztyn, Poland за периодот 2.10.2024-14.2.2025,

- Aniela Kaczor, Цела година (5. и 6. семестар) од University of Warmia and Mazury, Faculty of Veterinary Medicine, Olsztyn, Poland за периодот 2.10.2024-9.7.2025.

Со странските студенти беа превземени следните активности и тоа, консултација и помош во изготвување на договорот за учење (Learning agreement), споредба на компатибилноста на положените испити на матичните факултети со наставната програма и курикулум на ФВМ-С. Беше потпишани договорот за учење, консултација и координација со нашите предметни професори во врска со предметите, изработка на финален документ за репортирање на студентската активност кој го доставуваат предметните професори (по реализирана мобилност), изготвување на конечни документи по завршување на мобилноста (Final report, Attendance confirmation and Certificate with grades) (по реализирана мобилност).

Летна студентска пракса:

- Во рамки на академската 2024/2025 година, студентката Тамара Танкоска реализираше ЕРАЗМУС+ мобилност (КА 103) за летна студентска пракса во Ветеринарната клиника Инфанте Санто во Лисабон, во времетраење од 9.6.2025-8.8.2025 година.

Мобилност за наставен и ненаставен кадар:

Реализирани беа вкупно три мобилности за настава на наставен и една на ненаставен кадар и тоа:

- Проф. д-р Влатко Илиески од Катедрата функционална морфологија при ФВМ-С престојуваше на Департманот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Терамо во период од 7-11.04.2024 година,
- Проф. д-р Зринка Штритоф од Клиниката за заразни болести при Заводот за микробиологија и заразни болести на Ветеринарниот факултет во Загреб, престојуваше на Катедрата за микробиологија при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во период од 7-11.4.2025 година,
- Д-р Andrzej Dzikowski од Факултетот за за ветеринарна медицина при Универзитетот за природни науки во Варшава (Warsaw University of Life Sciences) од Полска престојуваше на Катедрата за патолошка морфологија и судска медицина при ФВМ-С во период од 2.06-6.06.2025,

- Сања Арсениќ, од Ветеринарниот факултет во Загреб, престојуваше на Катедрата за Биохемија и Биологија на клетка при ФВМ-С во период 5-9.5.2025-ненаставен кадар.

Останати активности:

- Потпишан е нов билатерален договор со Ветеринарниот факултет при Универзитетот за природни науки во Варшава (Warsaw University of Life Sciences-SGGW (SZKOLA GLOWNA GOSPODARSTWA WIEJSKIEGO), Faculty of Veterinary Medicine) од Полска за период 2024/2025 -2027/2028 година,
- Во тек е реализацијата на ЕРАЗМУС+ проектот Reaching Beyond Borders: Enhancing Communication and English Proficiency in Veterinary Medicine Education (VETCOM), Тип: KA220-HED - Cooperation partnerships in higher education, добиен преку ЕРАЗМУС+ програмата за период 1.9.2024 - 31.8.2026. Проектот се реализира во соработка со Ветеринарниот факултет во Загреб и Школата за странски јазици Атлас од Даблин. Завршени се работните пакети 2 и 3, а во тек е реализација на останатите работни пакети.
- проф. д-р Мирослав Ќосевски во периодот од 19-20 ноември 2025 година учествува во обука за пишување извештаи за реализирани проекти во ЕРАЗМУС+ Програмата, која се одржа во Порто, Португалија.
- Учество на Годишното собрание на VetNEST (Veterinary Networkof European Studentand Staff Transfer) мрежата во периодот од 11-13 септември се одржа во Сараево, Босна и Херцеговина. На собранието учествуваа проф. д-р Деан Јанкулоски, проф. д-р Мирослав Ќосевски и проф. д-р Мартин Николовски.
- Апликација на мобилност за летна студентска пракса и една мобилност за настава во академската 2025/2026 година.

## 14. Применувачка дејност

Посветено е посебно внимание на применувачката дејност со цел поефикасна соработка со стопанството, органите на државна управа, министерствата и физички лица.

### 14.1 Национален институт за ветеринарство и храна (НИВХ)

Националниот институт за ветеринарство и храна, како внатрешна организациона единица на факултетот, игра централна улога во претворањето на нашата научна и експертска дејност во практични решенија кои се во служба на јавното здравје. Преку

интензивната применувачка дејност, НИВХ ја зајакнува соработката со стопанството, органите на државна управа, министерствата и граѓаните, обезбедувајќи брз и квалитетен одговор на сите барања и потреби.

Придонесот на НИВХ е од стратешко значење за дејноста на факултетот. Средствата кои се генерираат со дејноста имаат директно влијание врз финансиското работење, но истовремено се и клучен фактор за самостојноста во планирањето на инвестициите, модернизација на инфраструктурата и одржливиот развој.

И оваа година, Факултетот преку лабораториските услуги кои ги нуди НИВХ, учествуваше како економски оператор во постапките за јавни набавки, со склучени поголем број договори меѓу кои се: Договорите со Агенцијата за храна и ветеринарство и тоа: Лабораториски услуги за ветеринарно јавно здравство; Лабораториски услуги за мониторинг на безбедност на храна; Лабораториски услуги за Програма за контрола и превенција на физички, хемиски и биолошки опасности во храната; Лабораториски услуги за здравствена заштита на животните; Договорите со Царинската управа за лабораториско испитување,

Склучени се договори со голем број оператори со храна за тестирање на безбедноста и квалитетот на храната и одгледувалишта на животни заради тестирања од обласа на здравствена заштита.

Покрај директните услуги, НИВХ преку стручните лица вработени на Факултетот има и витална улога во креирањето на државните политики во областа на здравствената заштита, безбедноста на храната и ветеринарното јавно здравство.

Оваа експертска ангажираност ја потврдува нашата водачка позиција во националниот систем, обезбедувајќи дека политиките и прописите се базираат на најновите научни достигнувања и меѓународни стандарди. Нашата дејност директно придонесува за заштита на јавното здравје, безбедноста на храната и благосостојбата на животните на национално ниво.

Оваа двострана мисија – на применета услужна дејност и стратешко експертско учество – го зајакнува НИВХ како незаменлив столб на системот, создавајќи циклус на иновација, образование и општествена одговорност.

### 14.2 Акредитација според стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018

Гаранција за квалитетот на лабораториските услуги кои ги нуди Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје е Сертификатот за акредитација издаден од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИАРСМ) под стандардот МКС EN

ISO/IEC 17025:2028. Сертификатот претставува потврда за доверливоста и високите стандарди на лабораториските услуги за клиентите на ФВМ-С, и е клучен предуслов за одржување на конкурентноста и унапредување на лабораториската дејност.

Во текот на 2025 година, лабораториите на ФВМ-С кои се вклучени во опсегот на акредитација успешно го поминаа надзорот во петтиот циклус на акредитација. Како резултат на овој процес, опсегот на акредитација е значајно проширен при што вклучени се 7 нови методи, проширен е видот на примероци и флексибилниот опсег. Со овие достигнувања, вкупниот број на акредитирани методи изнесува 207. Потврда за ова е новиот прилог кон сертификатот за акрдитација, издаден на 3.9.2025 година.

Овој успех е директен плод на воспоставениот и ефикасен процес на одржување на системот за квалитет. Преку дефинирани процедури, раководителот на институтот, раководителите на лабораториите и сите вработени, во рамките на матрицата на компетентност, постојано работат на одржување и унапредување на квалитетот. Координаторот на системот за квалитет редовно води контроли и проверки, предлагајќи мерки за континуирано подобрување врз основа на барањата на комитентите и стандардите.

Секако, одржувањето на ваквиот систем бара континуирани и значајни инвестиции. Тие ги опфаќаат набавката и одржувањето на современа опрема, редовното сервисирање и калибрација, обезбедувањето на квалитетни реагенси и потрошни материјали, соодветна заштитна опрема и амбиентални услови. Исто така, за успешна имплементација на барањата, неопходни тестирање на перформансите на опремата, набавка на стандарди за калибрација и учество во тестови за оспособеност организирани од комерцијални понудувачи или европски референтни лаборатории.

Затоа, успешното завршување на надзорот, одржувањето на системот и воведувањето на нови методи, при одновремено зачувување на акредитацијата на постојните, е резултат на колективната посветеност, упорност и напорна работа на целиот персонал во лабораториите. Нивниот ангажман е основен столб на нашата постојана стремеж кон технолошко напредување и највисок квалитет на услугите.

Со тоа и покрај конкурентските услови на пазарот на лабораториски услуги, остануваме институција препознатлива со широк опсег на полиња во кои ги вршиме тестирањата.

## 15. Работа на органи на управување на факултетот

### 15.1 Наставно-научен совет

Во извештајниот период, одржани се 14 редовни седници на Наставно-научниот совет на факултетот. На Седниците на Наставно-научниот совет, како декан, се раководев на спроведувањето на важечките законски прописи и нормативни акти на Факултетот, Универзитетот и државата.

Особен акцент давав на извршувањето на одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет. Грижата за вршење на високообразовна, научно-истражувачка и применувачка дејност беше во приоритетите на моето работење.

Во овој дел на извештајот ги издвојувам и одредени општи акти кои се донесоа од страна на Наставно-научниот совет а по предлог на Деканатската управа и кои ги поминаа сите релевантни инстанции на Универзитетот и се објавени во Универзитетски гласник, и тоа:

Наставно-научиот совет со Одлука број 0202–947/2 од 14.07.2025 година ја усвои Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (пречистен текст) Одлука за распределба на средствата и утврдување на висината на надоместокот за реализација на наставната програма на англиски јазик. Со оваа Одлука се врши распределба на средствата добиени од приходите за студиската програма на англиски јазик и се утврдува висината на надоместокот на лицата ангажирани за извршување работи за реализација на наставата и е во согласност од Одлуката РУ бр. 05-1058/2 од 16.10.2024 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### 15.2 Деканатска управа

Во извештајниот период, одржани се и 11 редовни седници седници на Деканатската управа. На одржаните седници на Деканатската управа донесе поголем број одлуки значајни за функционирањето на факултетот а се во нејзина надлежност.

Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, во текот на 2025 година, продолжи со инвестиции за својот развој, користејќи сопствени средства и средства од проекти. Преку системот ЕСЈН во 2025 година спроведени и реализирани беа 63 јавни набавки.

Во извештајниот период извршени се санации на повеќе простории и тековно одржување на објектите. Овие активности се реализирани по барање на вработените. Или за потребите за адаптација за тековни преземени активности. Континуираното

одржување на објектите останува приоритет со цел да се обезбедат квалитетни услови за студентите и вработените.

Во врска со реализација на активностите од Уредбата за Инвестиции за подобрување на генетскиот потенцијал на млечни крави во Република Северна Македонија преку употреба на сексирано семе и ембрио-трансферот со одлука на Владата на Република С. Македонија за 2024 година набавени се опрема за наставно-образовни и научно-истражувачки активности и тоа· четири молзни крави со висок генетски потенцијал (донатори на ембриони), добиточна храна, опрема за ЕТ – CASA апарат, реагенси и потрошен материјал за ЕТ, бокс за фиксација на животни, сексирано семе за ЕТ од елитни бикови, реагенси и софтвер за CASA апарат.

Од останатите набавени основни средства во 2025 година би издвоил; Агрегат со надворешна кондензаторско-компресорска единица Techumseh Lunite TFH2480Z-XG, Референтен термометар со заменлива температурна сонда Testo 735-2, Пила за аутопсија HB-740/Кружен нож за пила HB-50, Magcore Plus II Automated Nucleid Acid Extractor, Опрема за одредување концентрација на гасови во воздухот и Ладилник двокрилен, вертикален за чување примероци храна и биолошки материјал.

Со цел подобрување на инфраструктурата на факултетот за 2026 година планирани се значајни капитални инвестиции и тоа: Замена на дотраена инфраструктура за мрежно поврзување на објектите, со цел надминување на проблемите со интернет поврзаноста; Изнаоѓање можности за ставање во функција на објектите во Петровец, преку подготовка на документација и обезбедување финансии, и реализација на меморандумот за соработка со МЖСПП за формирање на прифатилиште за диви животни.

Во 2025 година спроведена е постапка за добивање на решение за вршење на дејност од Дирекцијата за радиациона сигурност. Поради тоа поднесени беа Барање за издавање на дозвола за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење бр. 03-1057 од 4.8.2025 година, Програма за радиациона заштита-интерна работна процедура и обезбеден беше редовен технички сервис и контрола на извори со јонизирачко зрачење на следниве уреди: Рендгенски уред - Shimadzu radspeed fit, Компјутерски томограф - Siemens somatom и Рендгенски уред Portable x-ray Radiography system for veterinary (Извештај за контрола на квалитет на опремата бр. 153/2025, 152/2025 и 154/2025 од 28.7.2025 година, Извештај за мониторинг на амбиентален дозен еквивалент на работна средина бр. А 210/2025, А209/2025, А 208/2025 од 23.7.2025 година.). Изготвен беше Записник за извршен инспекциски надзор со број 15-185 од 3.9.2025 година и добиено е Решение од дирекција за радиациона заштита бр. 14-156/4 од 7.11.2025 годна.

И во 2025 година беа преземени активности кои произлегуваат од законските обврски кон вработените на факултетот.

Согласно со член 104 од Законот за работните односи и член 187 од Законот за високото образование Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-1420/11 од 12.11.2025 година, на проф. д-р Тони Довенски, вработен на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на работното место „Редовен професор“ во научната област 4.03.00.19 – Репродукција на животни, му се продолжува договорот за вработување до 30.09.2026 година, до завршување на учебната 2025/2026 година.

Согласно со членот 29 од колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје "Службен весник на Република С. Македонија" бр. 287 од 29.12.2022 година, а на барање на вработените, членови на Сојуз на синдикати на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Деканатската управа донесе Решене (бр. 04-668/4-2 до 17 од 01.06.2025 година) кое се се утврдува право и висина на додаток од 5% од основната бруто плата на работникот, кој се исплаќа од сопствени приходи на Факултетот. Со оваа мерка во 2025 година опфатени се 16 вработени кои се пет години пред исполнување на услов за старосна пензија.

Како декан, ќе продолжам да се залагам за подобрување на статусот и позицијата на вработените и нивното професионално напредување. Исто така и во следниот период ќе продолжиме со набавка на неопходна опрема, капитални инвестиции во инфраструктурата и отворање нови можности за истражувачка и применувачка дејност, со цел зачувување на компетитивноста, позицијата и реномето на Факултетот во општеството. Се разбира сите овие активности ќе бидат реализирани во зависност од расположливите финансиски средства од сопствените активности на факултетот или надворешни средства на финансирање.

## 16. Заклучок

Врз основа на гореизнесените податоци, може да се заклучи дека деканот со Деканатската управа и Наставно-научниот совет на факултетот работат на зачувување на реномето на институцијата како врвна од областа на ветеринарната медицина во Република С. Македонија.

Во текот на изминатата година, Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје продолжи да се развива и унапредува како во наставно-образовниот процес, и во научноистражувачката дејност.

Во учебната 2025/2026 година запишани се поголем број на студенти на студиската програма на македонски јазик во споредба со претходната година. Исто така продолжуваат студиите на англиската студиска програма со новозапишани студенти во прва година на студирање со што го поставува факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на мапата на факултети кои се атрактивни за студирање за странските студенти, кој во најголем доаѓаат од Република Турција.

Воведени се современи наставни методи и програми кои одговараат на актуелните барања во ветеринарната едукација, во тек или започнува реализацијата на неколку научни проекти кој ќе влијаат значително на зајакнување на научно истражувачката дејност на вработените и техничката инфраструктура и опременост на факултетот.

Вработените објавуваа научни публикации во релевантни меѓународни списанија, беа остварени голем број стручни посети, воспоставивме нови партнерства со академски институции во странство. Ја подобривме опременоста на факултетот и условите за студирање и работа, а зголемен е бројот на меѓународни проекти и студентски размена, што придонесува за подигнување на репутацијата на Факултетот на глобално ниво.

Во извршувањето на сите активности, Факултетот доследно ги почитува одредбите од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина. Дополнително, работењето на Факултетот е усогласено со други релевантни закони и акти во Република Северна Македонија, кои го регулираат работењето на високообразованите и научноистражувачките институции. Ова ни овозможува да работиме во согласност со највисоките стандарди на академска етика, законитост и општествена одговорност.

Сепак, свесни сме дека има уште предизвици кои треба да се надминат, како што се обезбедување на стабилност на финансиските ресурси, вработување на нов и унапредување на постоечкиот наставно-научниот кадар, активно вклучување во европските програми за истражување и едукација.

Во иднина, остануваме посветени на нашата мисија-да обезбедиме висококвалитетно образование, да придонесеме за развојот на ветеринарната професија и наука и да одговориме на потребите на заедницата и се разбира да ја осигураме иднината на Факултетот.

Декан на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје

Проф. Д-р Деан Јанкулоски